Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Службен весник на РСМ бр.82/18), член __ од Статутот на _____, врз основа на Одлуката за именување на членови на Комисија за подготвување на Елаборат за Студиска програма _____ (бр. ___ од _____ година*) како и врз основа на поднесениот предлог Елаборат за акредитација на Студиска програма од втор циклус на академски/стручни студии _____од страна на Комисијата за подготвување на Елаборатот, Наставно- научниот совет на Факултетот (*За институтите- Научен совет, за високи стручни школи-Наставнички совет) _____ *на седницата одржана на _____ 2023 година, ја донесе следната:*

П Р Е Д Л О Г О Д Л У К А

за усвојување на студиска програма за втор циклус на академски/стручни студии по

_____

_____

Член 1

Се усвојува Елаборатот на Студиската програма _____ од втор циклус на академски/стручни студии во рамките на Факултетот _____.

Член 2

Наставата, од Студиската програма _____ ќе започне да се изведува по добивањето согласност од Одборот за акредитација на високообразовните установи и по добивањето на согласност за исполнетост на условите за почеток со работа на студиската програма од страна на Агенцијата за квалитет на високото образование на Република Северна Македонија.

Член 3

Предлог Одлуката да се достави до Ректорска управа/ Универзитетскиот Сенат на _____ за усвојување на Студиската програма по _____.

Член 4

Составен дел на оваа одлука е Елаборатот на Студиската програма _____.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Место/датум Декан,

_____

Проф. Д-р ----------

М.П.

Доставено до:
- Архивата на _____факултет;
- Универзитетскиот сенат на Универзитет _____.

2. Одлука за усвојување на студиската програма од Универзитетскиот сенат, односно Советот на научната установа; член 94 и член 145 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018)

Примерок

*Врз основа на член 93 од Законот за високото образование (Службен весник на РСМ бр.82/18), член -- од Статутот на _____, на предлог на Наставно- научниот совет на Факултет (*За институтите- Научен совет, за високи стручни школи-Наставнички совет) _____ *за усвојување на студиската програма од втор циклус на академски/стручни студии_____ бр.____ од ____.2023, Ректорска Управа/Универзитетскиот Сенат на седницата одржана на --. --. 2023 година, ја донесе следната:*

О Д Л У К А

за усвојување на Студиска програма за втор циклус на академски/стручни студии на студии по _____во рамките на Факултетот _____

Член 1

Се усвојува Елаборатот на Студиска програма _____ од втор циклус на академски/стручни студии во рамките на Факултетот (Институтот или висока стручна школа)_____.

Член 2

Наставата, од Студиската програма _____ ќе започне да се изведува по добивањето согласност од Одборот за акредитација на високообразовните установи и по добивањето на согласност за исполнетост на условите за почеток со работа на студиската програма од страна на Агенцијата за квалитет на Република Северна Македонија

Член 3

Одлуката да се достави до Факултетот _____ како и до Одборот за акредитација на високото образование.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Место, ден, месец, година

Претседател на Универзитетскиот сенат ,

_____

Проф. Д-р ----------

Доставено до

- Архивот на Универзитетот ---------
- Факултетот ----------

3. Мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста

Врз основа на член 122 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр.82/18), Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот _____ при Универзитетот _____, на својата седница одржана на ден --.--.2023 година го донесе следново:

М И С Л Е Њ Е

Се дава позитивно/негативно мислење за Елаборатот за Студиската програма _____ на втор циклус на академски/стручни студии на Факултетот _____

О б р а з л о ж е н и е

Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот _____го разгледа Елаборатот на Студиската програма _____ и донесе заклучок дека предложената Студиска програма _____ за акредитација .....

Поради сето тоа Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот _____ го даде своето позитивно/негативно мислење.

Место, ден, месец, година

Одбор на Одборот за соработка со јавноста
Претседател

_____

Доставено до:
- Архивата на _____факултет;
- Ректорска управа на Универзитет _____.

4. Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018) ја давам следната

И З Ј А В А

за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по _____

Јас _____, избран во звање _____ и вработен во на _____ на Универзитет _____ давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма _____на Факултетот _____, по наставните предмети:

1. _____
2. _____

Место, ден, месец, година Подносител на изјава

_____

5. Согласност на Универзитетскиот сенат, односно Научниот советот за учество на наставникот во реализација на студиската програма на единица од друг Универзитетот (член 179 од Законот за високо образование, Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018

Врз основа на член 94 и член 179 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр.82/18) Сенатот на Универзитетот _____ на седница одржана на _____ година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за согласност за учество во реализација на Студиска програма по _____ на Факултетот _____ при Универзитетот _____

Член 1

Врз основа на доставеното барање на Факултетот _____ при Универзитетот _____ Сенатот на Универзитетот _____ дава согласност за учество на наставникот _____ во реализација на Студиската програма по _____ за академската----------година.

Член 2

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Место, ден, месец, годин Претседател на Сенатот

Проф. д-р _____

Доставено до:
- Архивата на _____факултет;
- Ректорска управа на Универзитет _____.

ПРИЛОГ БР. 3

Ред.број:1

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**АНАТОМИЈА**			
2.	Код	ОМ26 111			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за анатомија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва (I)	Семестар	Прв (I) и втор (II)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	14			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за анатомија проф. д-р Биљана Зафирова *наставата ја изведуваат сите членови на катедрата за анатомија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Исполнети услови за запишување на студиската програма.			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма: - Запознавање на анатомијата како природна, морфолошка наука и нејзиното значење во медицината. - Употреба на стручна терминологија. Анатомијата ќе се разгледува од функционална перспектива, со посебен акцент на клиничката анатомија на возрасните. Кај клинички релевантните аспекти на анатомијата на човечкото тело, студентот ќе стекне знаење за анатомијата на дете и адолесцент, а исто така и за анатомијата на жената во бременост. Студентот ќе биде квалификуван да ги пронајде и идентификува оние анатомски структури на екстремитетите, градите, абдоменот и карлицата со кои ќе се сретне подоцна во секојдневната клиничка работа. Ќе се запознае со механиката на движењето на зглобовите, ќе може да ја демонстрира и да ја разбере нејзината цел во клиничкото истражување. Ќе се запознае со клинички значајни варијации, кои би можеле значително да влијаат врз поставувањето на клиничка дијагноза и третман.			

12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Теоретската, практичната настава и семинарите се организирани во модули со соодветно поглавје. Секој модул од теоретската настава кореспонидира со соодветниот од практичната настава и семинарот. **Теоретска настава (предавања и семинари – 105 часа)**: - Вовед во анатомија, анатомска номенклатура - Општа анатомија: вовед во остеологија, синдезмологија, миологија, ангиологија и неврологија. ***Модул 1 Анатомија на горен и долен екстремитет*** - Остеологија, синдезмологија, миологија, ангиологија и неврологија на горен екстермитет. - Остеологија, синдезмологија, миологија, ангиологија и неврологија на долен екстермитет. ***Модул 2 Анатомија на аксијален скелет*** - Остеологија и синдезмологија на аксијален скелет - Череп во целина и краниофацијални јами. - Анатомски карактеристики на труп (`рбетен столб и граден кош). - Карлична остеометрија. ***Модул 3 Анатомија на труп*** ***Анатомија на граден кош*** - Sидови на граден кош и топографска поделба на градната празнина. - Топографска поделба на градната празнина. - Миологија на sидовите на градната празнина. - Ангилогија на sидовите на градната празнина. - Неврологија на sидовите на градната празнина. - Дојка - анатомски карактеристики. - Содржина на плевропулмоналните регии и медијастинумот. - Содржина на градната празнина - респираторен систем: дишник, десна и лева главна дишница, бели дробови, плевра. - Содржина на градната празнина - кардиоваксуларен систем: срце и перикардиум. - Содржина на градната празнина:езофагус, тимус. ***Анатомија на абдомен*** - Sидови на абдоменот со слаби места и топографска поделба на абдоминалната празнина. - Топографски поделба на абдомен. - Миологија и слаби места на абдоминалните sидови. - Ангилогија и неврололгија на абдомен. - Содржина на горниот и долниот кат на перитонеалната празнина и на ретроперитонеалниот простор. - Абдоминална празнина - периотнеум - поделба на

		абдоминални органи, ретропетритоенален простор, бурса оменталис. - Абдоминални органи: абдоминален дел од хранопровод, желудник, тенко црево, дебело црево. - Абдоминални органи - хепар и жолчни патишта, слезенка и панкреас. - Абдоминални органи - бубрег, надбубрежна жлезда, абдоминален дел на уретер. ***Анатомија на карлица*** - Ѕидови на карлицата и поделба на карлицата на катови. - Топографска поделба на голема и мала карлица и поделба на перинеум -урогенитална и анална регија. - Миологија на ѕидовите на карлицата и перинеум. - Ангилогија на ѕидовите на карлицата и перинеум. - Неврологија на ѕидовите на карлициата и перинеум. - Содржина на перитонеалниот, подперитонеалниот и поткожниот карличен кат. - Органи во карличната празнина и перинеум: карличен дел на уретер, мочен меур, простата, уретра, ректум и анален канал. - Органи во карличната празнина и перинеум: женски генитални органи. - Органи во карличната празнина и перинеум- машки генитални органи. **Практична настава (105 часа):** ***Модул 1 Анатомија на горен и долен екстремитет*** - Вежбање на одделни коски и зглобови на горниот екстремитет. - Топографска анатомија на горниот екстремитет, регии и нивна содржина. - Вежбање на одделни коски и зглобови на долниот екстремитет. - Топографска анатомија на долниот екстрмитет, регии и нивна содржина ***Модул2 Анатомија на аксијален скелет*** - Вежбање на одделни коски и зглобови на главата и трупот-коски на `рбетен столб и граден кош. ***Модул 3 Анатомија на трупот*** ***Анатомија на граден кош*** - Вежбање на кадавери на регии од градниот кош. - Совладување на морфологијата, градбата, синтопските, скелетотопските и холотопските соодноси на органите од градниот кош на кадавери, пластинирани модели и фиксирани препарати. ***Анатомија на абдомен и карлица*** - Вежбање на кадавери на регии од абдоменот и карлицата. Совладување на морфологијата, градбата, синтопските, скелетотопските и холотопските соодноси на органите од абдоменот и карлицата на кадавери, пластинирани модели и фиксирани препарати.

13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	420 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава. часови	50
		16.2.	Семинари	55
		16.3.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	105
		16.4.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	/
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење - задачи	210
18.	Услови за потпис	За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска,практична настава и семинари.		

Вид на активност	**Бодови**
Теоретска настава	**3-5**
Практична настава	**6-10**
Семинари	**6-10**

19. Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит

19.1.	Континуирана проверка: бодови	**Континуирани проверки по модули – по избор на студентот** Студентот може да бира дали ќе полага после секој модул, во колоквиумска или комплетен завршен испит. 1. Анатомија на горен и долен екстремитет бодови 18 мин. - 30 макс 2. Анатомија на аксијален скелет бодови 6 мин- 10 макс 3. Анатомија на труп бодови 21 мин.-35макс. Проверките 1 и 3 се состојат од писмен, устен и практичен дел. *Писмениот дел* е елиминаторен и се смета за положен доколку е решено мин 60 % од тестот. *Практичниот дел* ги опфаќа

<table>
<tr><td></td><td></td><td></td><td colspan="2">топографските регии на соодветиот модул и се изведува на кадавери, фиксирани препарати и пластинирани модели.
Усниот дел се состои од прашања со кои се испрашува интегративното знаење на студентот.
Континуираната проверка 2 (Остеологија и синдезмологија на аксијален скелет) се полага само усно (на препарати).

Студентот е должен да освои минимум од предвидените бодови за секој дел за да може да му биде впишана завршна оцена.</td></tr>
<tr><td></td><td>19.2.</td><td>Тестови: бодови</td><td colspan="2">/</td></tr>
<tr><td></td><td>19.3.</td><td>Семинари</td><td colspan="2">Семинарите се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот.
Присуството на семинарите е задолжително.
Ангажираноста и активноста на студентите се евидентира и освоените бодови влегуваат во крајната оценка за предметот.
Бодови 6 мин.-10 макс.</td></tr>
<tr><td></td><td>19.4.</td><td>Завршен испит: бодови</td><td colspan="2">Завршниот испит се состои од неположените континуирани проверки или целокупниот материјал од предметот.
Студентот кој ги положил предвидените континуирани проверки и реализирал услови за потпис се стекнува со право за завршна оцена по предметот.
Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности.
<table>
<tr><th>Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td>Теоретска настава</td><td>3-5</td></tr>
<tr><td>Практична настава</td><td>6-10</td></tr>
<tr><td>Семинари</td><td>6-10</td></tr>
<tr><td>Континуирани проверки</td><td>45-75</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="2">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 59 бода</td><td>5 (пет) F</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td><td>од 60 до 68 бода</td><td>6 (шест) E</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td><td>од 69 до 76 бода</td><td>7 (седум) D</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td><td>од 77 до 84 бода</td><td>8 (осум) C</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td><td>од 85 до 92 бода</td><td>9 (девет) B</td></tr>
</table>

			од 93 до 100 бода	10 (десет) А	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Анатомија 1 за студентите од општа медицина	Матвеева Ники, Живадиновиќ Јулија, Папазова Марија, Зафирова Биљана, Чадиковска Еизабета.	Скопје, УКИМ, Медицински Факултет	2019
		2.	Анатомија 2 за студентите од општа медицина	Живадиновиќ Јулија, Матвеева Ники, Папазова Марија,Зафирова Биљана, Чадиковска Елизабета.	Скопје, УКИМ, Медицински Факултет	2019
	22.2.	Дополнителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Susan Standring	Gray's Anatomy- The Anatomical Basis of Clinical Practice	41st. ed. Elsevier Churchill Livingstone, New York.	2019
		2.	**Arthur F. Dalley II, Anne M. R. Agur**	Moore's Clinically Oriented Anatomy	9th ed. Philadelphia, PA: Lippincott Williams and Wilkins.	2023

Ред.број:2

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**МОРФОЛОГИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА НА КЛЕТКА**
2.	Код	ОМ26 112

3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за хистологија и ембриологија Катедра за физиологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва (I)	Семестар	Прв (I)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 (3+3)			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорен наставник од Катедрата за хистологија и ембриологија доц. д-р Ирена Костадинова Петрова Раководител на Катедрата за физиологија проф. д-р Бети Дејанова			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Да го оспособи студентот да ги совлада сите морфолошки особини и физиолошки функции на клетката, и тоа: - да се запознае со градбата на сите структурни компоненти на клетката, поврзувајќи ја нивната градба со функцијата - да ги запознае евидентните морфолошки промени што настануваат при процесот на делба на клетката. - да ја осознае клетката како функционална целина, проучувајќи ги функциите на одделните клеточни структури и системи, како и интерреакцијата на клетката со околината - да ги осознае клеточните производни процеси, клеточните информациски процеси како и контролните механизми кои ја овозможуваат нивната физиолошка функција. - да изведува одредени практични процедури за функционирањето на клетките во склоп на органските и регулаторните системи на човечкиот организам.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Теоретска настава Теоретска настава и практична настава: Основна морфологија и физиологија на прокариотски клетки Морфолошки и физиолошки карактеристики на еукариотски клетки: - Морфолошки карактеристики на плазмалемата, цитозолот, клеточните органели и на јадрото - Морфолошки карактеристики на клетката во митоза, мејоза, при стареење и при физиолошка смрт (апоптоза) - Морфолошки специфичности на одделни видови клетки во човечкиот организам - Функција на клетката, околина на клетката и нејзино однесување (мотилитет и комуникација со околината и со			

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">останатите клетки)
- Функција на јадрото и на клеточните органели
- Производни процеси во клетката, синтеза на нуклеински киселини, протеини, аминокиселини, и нивна регулација
- Клеточни информациони процеси и нивна регулација
- Клеточна репликација и развој на организам
- Специјализирани клеточни системи (мускулно и нервно ткиво).

Семинари
- Микроскоп
- Морфолошки карактеристики на еукариотски клетки
- Морфолошки карактеристики на еукариотски клетки при делба, стареење и физиолошка смрт
- Морфолошки карактеристики на одделни видови клетки
- Функција на клетката и нејзино однесување во околината
- Функција на клеточни органели
- Функција на јадро и производни односи во клетката
- Клеточни информациони процеси и нивна регулација
- Клеточна репликација и развој на организам
- Специјализирани клеточни системи</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">Поврзан е со следниве предмети: анатомија, хистологија и ембриологија и физиологија</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">120 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања- теоретска настава. часови</td><td>27 (13+14)</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>27 (14+13)</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>36 (18+18)</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>90</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.

<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>1-5</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>13-15</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>10-20</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки 2</td><td>36-60</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td></td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>/</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и</td></tr>
</table>

	завршниот испит				
	19.1.	Континуирана проверка: бодови		2 проверки – секоја мин 18 макс 30 бода	
	19.2.	Тестови: бодови		/	
	19.3.	Семинари		Семинарите се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот. Присуството на семинарите е задолжително. Ангажираноста и активноста на студентите се евидентира и освоените бодови влегуваат во крајната оценка за предметот.	
	19.4.	Завршен испит: бодови			
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) F	
			од 60 до 68 бода	6 (шест) E	
			од 69 до 76 бода	7 (седум) D	
			од 77 до 84 бода	8 (осум) C	
			од 85 до 92 бода	9 (девет) B	
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		

22.

Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Миленкова Л, Костовска Н.	Структурни карактеристики на еукариотските клетки	Медицински факултет	2011
2.	Катедра за физиологија	Физиологија на клетка	Медицински факултет	2020
3.	Катедра за физиологија	Практикум по физиологија на клетка	Медицински факултет	2010

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	М. Рос, В. Павлина	Хистологија – текст и атлас (клеточна и молекуларна биологија)	Превод на петто издание (Табернакул)	2010
2.	Гајтон АГ, Хол ЏЕ	Медицинска физиологија	Академски печат	2012

		3.	Катедра за хистологија и ембриологија	Водич низ наставата по морфологија на клетка	УКИМ, Медицински факултет	2017
		4.		www.histologyguide.com(on-line learning program)		

Ред.број:3

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ОСНОВИ НА БИОХЕМИЈА**			
2.	Код	ОМ26 113			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за медицинска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва (I)	Семестар	Прв (I)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	7			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за медицинска хемија Проф. д-р Катерина Тошеска *наставата ја изведуваат сите членови на катедрата			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Исполнети услови за запишување на студиската програма.			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Главната цел на предметната програма** е обновување и надоградба на знаењето од општа хемија, основните типови на хемиски реакции, решавање на задачи врз основа на хемиски формули и равенки, изразување на концентрацијата на растворите и подготовка и разредување на растворите, основните реакции во органската хемија и класите на органските соединенија. Втора цел на предметната програма е студентот да може самостојно да изведува лабораториски практични вежби опфатени со наставната програма и на сигурен начин да ракува со лабораторискиот прибор, опрема и хемикалии.			
12.	Детална содржина	**Теоретската настава:**			

	на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	- **Градба на атомот** (Резултати од учење: студентот ќе може да ги објасни основните поими: реден број, масен број, хемиски елемент, изотопи); - **Периоден систем на елементите, биолошки важни елементи.** - **Хемиски врски** (Резултати од учење: студентот ќе знае да објасни врз основа на што се подредени елементите во периодниот систем на елементите, да ги наведе биолошки значајните елементи и да го објасни создавањето на интрамолекуларните и интермолекуларните хемиски врски); - **Поделба на неорганските соединенија, најважни неоргански хемиски реакции (**Резултати од учење: студентот ќе може да ги наведе основните класи неоргански соединенија и да наведе примери за одредени типови неоргански реакции**);** - **Теории за киселини и бази, амфотерни електролити, pH, пуфери, биолошки значајни пуфери** (Резултати од учење: студентот ќе може да го дефинира водородниот показател-pH, да ја објасни pH скалата, да го разбира механизмот на дејство на биолошки најважните пуфери); - **Фотохемиски реакции** (Резултати од учење: студентот ќе може да наведе пример за фотохемиска реакција) - **Кинетика на хемиските реакции**: **услови за хемиска реакција, брзина на хемиски рекации, хомогени и хетерогени реакции, теорија на судир, енергија, енергија на активирање; катализатори, хомогена и хетерогена катализа, инхибитори, промотори (**Резултати од учење: студентот ќе стекне знаење за факторите кои влијаат врз брзината на хемиските реакции); - **Оксидо-редукциски реакции-редокс реакции** (Резултати од учење: студентот ќе знае да ги објасни хемиските процеси во чија основа лежат редокс реакциите, ќе знае да објасни што е редокс чифт, ќе знае да го препознае оксидансот и редукторот во една редокс реакција); - **Термодинамика, Основни принципи на термодинамиката, функции на состојбата на еден систем, егзотермни и ендотермни реакции** (Резултати од учење: студентот ќе се запознае со основните концепти на термодинамиката, потребни за разбирање на биохемиската енергетика во биолошките системи); - **Основи на органската хемија, Изомерија, Типови на изомерија, основни реакции во органската хемија: нуклеофилна супституција, електрофилна адиција, нуклеофилна адиција, електрофилна супституција, полимеризација, функционални групи и видови на органски соединенија** (Резултати од учење: студентот ќе научи врз основа на што се поделени органските соединенија во класи и за секоја класа која хемиска реакција е карактеристична); - **Структура, физичко-хемиски карактеристики и биохемиско значење на ациклични и циклични соединенија, хетероциклични соединенија со азот, кислород и сулфур** (Резултати од учење: студентот ќе може да ја објасни хемиската структура на одредени биолошки важни соединенија кои во себе ги содржат хетероцикличните прстени); - **Јаглехидрати, класификација, номенклатура, типови на изомерија кај јаглехидратите, особини и реакции, моносахариди, деривати на моносахариди** (Резултати од

		учење: студентот ќе разбере како се поделени јаглехидратите и ќе знае да ги објасни типовите на изомерија кај јаглехидратите и ќе знае да ги објасни хемиските реакции карактеристични за моносахаридите); - **Аминокиселини, пептиди и протеини, биолошки значајни пептиди и полипептиди** (Резултати од учење: студентот ќе знае како се поделени аминокиселините, како се формира пептидната врска меѓу аминокиселините, што се тоа пептиди, полипептиди и протеини и да наведе биолошки важни пептиди и полипептиди); - **Поделба на липидите. Хемиска структура на холестерол. Каротеноиди, Биолошки важни стероиди** (Резултати од учење: студентот ќе знае да објасни како се поделени липидите, да ја објасни хемиската градба на триацилглицеролите, холестеролот, дериватите на холестеролот и каротеноидите); **Практична настава** Студентот по обавување на вежбите ќе се стекне со практични вештини и ќе може да решава стехиометриски задачи, да подготвува раствори и да ја определува концентрацијата на растворите, да прави разредување на растворите, ќе може да направи одредени реакции за да идентификува одредени биолошки важни супстанции во растворите. Ќе се работат следниве вежби: - Основни физичко хемиски постапки во биохемиска лабораторија; - Раствори, пресметување на концентрација на раствори, подготовка на раствори и разредување на раствори. Испитување на колигативните својства на раствори; - Пресметување преку хемиски равенки и формули, (стехиометрија); - Волуметрија (антацидна таблета); - Синтеза на аспирин и испитување на неговата чистота; - Номенклатура на поважни органски соединенија важни во медицината - Реакции за испитување на општите особини на јаглехидрати (моносахариди), аминокиселини, протеини и липиди **Семинари** - **Загадување на околината и влијание врз човечкото здравје**: - Загадување на вода; - Загадување воздух; - Загадување на почва; - **Климатски промени и влијание врз човечкото здравје**: - Адаптација на организмот на нарушена температура на околината.
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма; Положен испит по предметот Основи на биохемија е услов за слушање на предметот Медицинска биохемија
14.	Детален опис на	Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со

<table>
<tr><td></td><td>наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">претходно зададени теми.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">210 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>39</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари (во предавања)</td><td>6</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>60</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење – задачи</td><td>105</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.

<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>1-3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>8-12</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>1-3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td>21-35</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td>20-32</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>9-15</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит</td></tr>
<tr><td></td><td>19.1.</td><td colspan="2">Континуирана проверка: бодови</td><td>мин 21- макс 35</td></tr>
<tr><td></td><td>19.2.</td><td colspan="2">Тестови: бодови</td><td>/</td></tr>
<tr><td></td><td>19.3.</td><td colspan="2">Семинари</td><td>Семинарите се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот.
Присуството на семинарите е задолжително.
Ангажираноста и активноста на студентите се евидентира и освоените бодови влегуваат во крајната оценка за предметот.</td></tr>
<tr><td></td><td>19.4.</td><td colspan="2">Завршен испит: бодови</td><td>Писмен дел
мин 20- макс 32

Практичен дел
мин 9 – макс 15</td></tr>
<tr><td rowspan="4">20.</td><td colspan="2" rowspan="4">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 59 бода</td><td>5 (пет) F</td></tr>
<tr><td>од 60 до 68 бода</td><td>6 (шест) E</td></tr>
<tr><td>од 69 до 76 бода</td><td>7 (седум) D</td></tr>
<tr><td>од 77 до 84 бода</td><td>8 (осум) C</td></tr>
</table>

			од 85 до 92 бода	9 (девет) B	
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Денистон Е, Топинг Ј, Карет Р.	ОПШТА, ОРГАНСКА И БИОХЕМИЈА	Проект на Владата на Република Македонија	2011
		2.	Крстевска Марија, Алабаковска Соња, Ефремова Аарон Снежана, Лабудовиќ Даница, Цековска Светлана	ОПШТА И ОРГАНСКА ХЕМИЈА за студенти по медицина	Медицински факултет, УКИМ, Скопје	2014
		3.	Алабаковска Соња, Богданска Јасна, Ефремова-Аарон Снежана, Крстевска Марија, Лабудовиќ Даница, Тошеска-Трајковска Катерина, Цековска Светлана, Цекова-Стојкова Слобода	Практикум за вежби по медицинска хемија	Медицински факултет, УКИМ, Скопје	2012
	22.2.	Дополнителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Jones Loretta and Atkins Peter.	Chemistry. Molecules, Matter, and Change.	W.H. Freeman and Company, New York; Fourth edition,	2002
		2.	Џон Мекмури	ОРГАНСКА ХЕМИЈА	Проект на Владата на Република Македонија	2009

Ред.број:4

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**МЕДИЦИНСКА БИОФИЗИКА**			
2.	Код	ОМ26 114			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за медицинска физика			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва (I)	Семестар	Прв (I)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	5			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за медицинска физика проф. д-р Томислав Станковски *наставата ја изведуваат сите членови на Катедрата за медицинска физика			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Исполнети услови за запишување на студиската програма.			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Студентот ќе се запознае детално со основните физички законитости што се применети во медицината. Акцентот ќе биде ставен на физичките принципи кои се важни за формирањето на биолошките структури и за функционирањето на биолошките системи. Ќе се запознае со физичките феномени кои се основа на физиолошките процеси. Ќе се запознае со физичките основи на методите за мерење што се користат во медицинска дијагностиката. Ќе се запознае и основи на физичките феномени на кои се базираат некои методи на терапија. Студентот ќе се навикне на квантитативно третирање на физички и други феномени. Ќе се запознае со нови текови и методи во современата медицина, дијагностика и терапија.			

12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава:** - Основи и поделба на Медицинска Биофизика. Квантитативен опис на феномени во медицинските науки. Линеарни и нелинеарни промени. Експоненцијална промена. Графичко цртање. - Теорија на системи во медицина. Комплексност на биолошки системи. Управување и хомеостаза. Модели во медицина. Моделирање со машинско учење во медицина. - Основи на Биомеханиката. Сили и вртежни моменти во мускулите и скелетот. Лостови на локомоторниот систем кај човекот. Молекуларни мотори. Работа и моќност на човекот. Ергометрија. Механичка работа на срце, Еластичност. Механички својства на биолошките ткива. Еластичност на коски. - Флуиди и нивни особини. Вискозност на течности. Вискозиметрија. Хидродинамика на течности. Физички модел на крвниот систем. Површински напон. Лапласов притисок. Брзина на седиментација. Циркулација на крв, аневризма, стеноза. Вискоеластичност. Гасна емболија. Атмосферски притисок. Процес на дишење во бели дробови. - Термодинамички процеси. Термометрија и калориметрија. Процеси на пренос на топлина. Хемиски реакции, енталпија, ентропија. Физиолошко дејство на топлината. Влажност на воздухот како биофизички фактор. Растворливост на гасови и декомпресивна болест. - Периодични феномени, осцилации и вибрации во биолошки сиситеми. Фреквенција и енергија на осцилирање. Поим за бранови. Рефракција, дифракција, интерференција и расејување на бранови. - Биоакустика. Звучни бранови. Физички и субјективни карактеристики. Ултразвук. Дејство на ултразвукот врз биолошките системи. Доплеров ефект. Примена на звук во медицината. - Оптика, Светлински бранови. Оптички леќи. Оптички инструменти: лупа, микроскоп и рефрактометар на Абе. Окото како оптички инструмент. Физичка и геометриска оптика. Електромагнетен спектар. Радиофреквентна и микробранова Аблација. Инфрацрвена светлина. НИРС – блиска инфрацрвена спектроскопија. Термографија. Ултравиолетово зрачење. Основи на квантната оптика. Апсорпција, спектроскопија и пулсна оксиметрија. Фотоефект. Ласери. во медицина. - Биолошки ефекти на електромагнетно зрачење. Јонизирачко зрачење. Биолошки ефекти на јонизирачко зрачење и радиотерапија. - Рендгенско зрачење. Рендгенски спектри. Рентгенска цевка, Апсорпција на рендгенското зрачење во материјалот. Примена на рендгенското зрачење во медицината – статика, КТ и мамографија. - Нуклеарна медицина. Нуклеарна стабилност, нуклеарни распаѓање и нуклеарни реакции. Сцинтиграфија. Нуклеарно медицински методи СПЕКТ и ПЕТ, Хибридни методи. Терапија со радионуклиди, Тераностика. - Електрични својства на материјата. Работа и моќност на електрична струја. Контактна потенцијална разлика. Термоелементи. Дипол, Аеројони. Аеројонотерапија. Електрична струја низ течности и гасови. Електролиза. Електрокинетички процеси. Физиолошко дејство на струјата. Електростимулација. Потекло на мембрански потенцијал, Физички основи на Биопотенцијали, Потенцијали на мирување и Акционен потенцијал. Ширење на нервни електрични импулси. Електрофизиологија и физички основи на електрокардиографија (ЕКГ), електромиографија (ЕМГ), електроенцефалографија (ЕЕГ), магнетоенцефалографија (МЕГ). - Магнетизам и електромагнетизам. Електромагнетна индукција.

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">Протекување струја низ човечкиот организам. Магнетска резонанца (МРИ).

Семинари:
- Негативна повратна врска и застапеност кај барорецептори за управување со крвен притисок.
- Графички приказ на еластичност и фрактура на коска.
- Модел и опис на механичка работа на срце,
- Механика на дишење во бели дробови.
- Видови и модалитети на ултразвучна дијагностика.
- Примена на ласери во медицина.
- Дијагностички методи со рендгенското зрачење – статични рентгенски слики, КТ и мамографија.
- Дијагностички методи во нуклеарна медицина – СПЕКТ и ПЕТ, хибридни СПЕКТ/КТ и ПЕТ/КТ методи.
- Физички основи на електричните дијагностични методи ЕКГ, ЕМГ и ЕЕГ.
- Физички основи на дијагностика со магнетна резонанца (МРИ).
- Основи на дигитални медицински слики.
- Преглед и споредба на сите медицински дијагностички методи.

Практична настава:
- Ултразвучни бранови
- Физички модел на око и формирање на слика во око
- Рефрактометар на Абе и мерење на концентрација во раствор
- Ласери и геометриска оптика
- Електрицитет и електрични кола
- Електромиографија (ЕМГ) на волонтерни мускулни контракции
- Кардио-респираторни осцилации
- Дигитални медицински слики</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">Поврзан со сите предмети од студиската програма</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">150 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>25</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>25</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>25</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>75</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.

<table><tr><th>Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr><tr><td>Теоретска настава</td><td>0-1</td></tr></table></td></tr>
</table>

		Практична настава	6-8
		Семинари	0-1
		Вкупно	**6-10**
19.	Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит		
	19.1.	Континуирана проверка: бодови	**Континуирани проверки (колоквиуми)**
	19.2.	Тестови: бодови	мин.-макс. Континуирани писмени проверки: К1+К2 =18+18 до 30+30 = 36 - 60 Континуирани усни/есејски проверки: К1+К2 = 9 + 9 до 15+15 = 18 - 30
	19.3.	Семинари	Семинарите се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот. Присуството на семинарите е задолжително. Ангажираноста и активноста на студентите се евидентира и освоените бодови влегуваат во крајната оценка за предметот.
	19.4.	Завршен испит: бодови	мин.-макс. Завршен писмен испит 36 - 60 Завршен усмен/есејски испит 18 - 30 ***Писмениот дел од завршниот испит** се состои од писмени проверки кои студентот не ги положил во колоквиумските недели. ****Усниот и практичниот дел од завршниот испит опфаќаат**: се состои од усни/есејски проверки кои студентот не ги положил во колоквиумските недели.
+20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) F
		од 60 до 68 бода	6 (шест) E
		од 69 до 76 бода	7 (седум) D
		од 77 до 84 бода	8 (осум) C
		од 85 до 92 бода	9 (девет) B
		од 93 до 100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот	Студентска анонимна евалуација за предметот,	

	на наставата			наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		
22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1	Т. Станковски	Медицинска Биофизика	Медицински Факултет	2026
		2	Н. Андоновска	Биофизика	УКИМ, Скопје	2005
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	W. Bialek	Biophysics: Searching for Principles	Princeton University Press	2012
		2.	T. Stankovski	Tackling the inverse problem for non-autonomous systems: Application to life sciences	Springer	2013
		3.	*J. Derganc*	Biofizika za medicino	Univerza v Ljubljani, Medicinska fakuteta	2019

Ред.број:5

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ВОВЕД ВО МЕДИЦИНА И СОЦИЈАЛНА МЕДИЦИНА**			
2.	Код	ОМ26 115			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за социјална медицина			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва (I)	Семестар	Прв (I)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за социјална медицина: проф. д-р Фимка Тозија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и	Запишан прв семестар			

	полагање на предметот	
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето	По завршување на наставата и завршниот испит, студентите ќе имаат знаења, вештини и компетенции за: - Основните принципи и задачи на медицината - Медицинската едукација и медицинските професии, - Детерминантите на здравје и основните вредности на здравјето - Природниот тек на болеста и нивоата на превенција. - Основните карактеристики и превенција на групи на болести доминантни во оптовареноста со болест - Самостојно да направи евалуација на здравје на населението и вулнерабилните популациони групи - Промоцијата на здравје за здраво однесување и здрав животен стил - Комуникација со индивидуи, семејство, популациони групи, население и заедницата - Подготвка на настап со едукативни цели - Промоција на здравјето пред целна група на сите нивоа на здравствена заштита - Запознавање со основните принципи и методи на социјалната медицина - Контрола и превенција на заразни и незаразни болести, повреди и насилство - Промоција, превенција и здравствена заштита на вулнерабилни групи на населението - Запознавање со основните принципи и методи на социјалната медицина - Контрола и превенција на заразни и незаразни болести, повреди и насилство - Промоција, превенција и здравствена заштита на вулнерабилни групи на населението - Концептот, организацијата и евалуацијата на здравствен систем, основни функции и есенцијални јавноздравствени операции - Концептот, организацијата и евалуацијата на здравствен систем, основни функции и есенцијални јавноздравствени операции - Запознавање со основните принципи на здравствен менаџмент - Запознавање со основните принципи со економика во здравство - Квалитетот на здравствена заштита и безбедноста на пациентите
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Модул 1: Вовед во медицина** Предавања: - Што е медицина: дефиниција, задачи и поделба на медицината - Вовед во историјата на медицината и јавното здравје. - Развој на медицинската мисла и практика низ историјата во светот и во Македонија - Медицинска едукација: дефиниција, историски преглед и идни предизвици - Модерна медицина: природно научни основи на медицина и медицина базирана на докази Семинари: - Медицински професии – легислативни и етички аспекти - Услови за добар студент на медицина и добар лекар - Права и должности на здравствените работници, континуирана медицинска едукација и континуиран професионален развој - Права и должности на пациентите

		- Однос лекар-пациент: легислативни и етички принципи и модели - Етички предизвици и дилеми во медицината и јавното здравје - Лекции од историјата, примери: случај на колера и John Snow; инфлуенца-шпански грип; ХИВ и СИДА; КОВИД-19 - Меѓународни и национални организации во областа на здравството - Академско пишување: методологија на преглед на литература и подготовка на семинарски труд - Презентација на семинарски труд Резултати од настава и учење на модул 1: - Подготовка на самостоен академски напишан семинарски труд **Модул 2: Здравје, детерминанти на здравје и здравје на заедницата** Предавања: - Дефиниции и концепти на здравје: јавно здравје, глобално здравје и едно здравје. Размислувај глобално, делувај локално! Етички и вредносни дилеми за јавното здравје - Детерминанти на здравје - Здравје и болест, природен тек на болест и нивоа на превенција - Видови на болести и нивни карактеристики: заразни, незаразни, повреди и насилство - Евалуација на здравје на население, вулнерабилни популациони групи и заедницата Семинари: - Здравје низ животниот циклус - Социјалнидетерминанти на здравје (социоекономски, општествени, културолошки, еколошки фактори на здравје) - Комерцијални детерминанти на здравје - Здравствени индикатори, следење и проценка на здравствен ризик - Здравствена состојба на населението во светот, Европа и Македонија - Здравје на локална заедница и евалуација на здравје - Застапување и интерсекторска соработка за здравје во заедницата и стратешко планирање Практична работа - вежби: - Извори на здравствени информации и примена на бази на податоци и информации (Health for All - HFA) на Светска здравствена организација, ECHI и др.; - Здравствено-статистички истражувања на населението и заедницата (анкетни истражувања, KAP, AUDIT) - Компарација на здравствената состојба на населението во Македонија и држава по избор Резултати од настава и учење на модул 2: - Самостојно да направи евалуација на здравјето на населението и вулнерабилните популациони групи - Подготовка на здравствен профил на дефинирана популација **Модул 3: Промоција на здравје и превенција на болест**

Предавања:
- Промоција на здравје: дефиниција, концепти и цели
		1.	Проф. Др Кочова и соработници	Медицинска генетика	Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Медицински факултет, Скопје	2013
		2.	Проф. Др А. Петличковски	Генетика -авторизирани предавања		2014
		3.	Проф д-р М. Спировски	Практикум по хумана генетика 1	Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Медицински факултет, Скопје	2009
		4.	Проф д-р М. Кочова	Практикум по хумана генетика 2	Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Медицински факултет, Скопје	2009
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Mueller, R.F. and Young, I.D.	Emery's Elements of Medical Genetics. 17th ed.	Elsiever	2022
		2.	Strachan T, Read A	Human Molecular Genetics 5th ed.	Oxford journals	2018
		3.	Gardner RM, Sutherland GR	Chromosome abnormalities and genetic counseling, 5nd ed	Oxford University Press	2015
			Nussbaum, McInnes, Willard	Thomson&Thomson Genetics in medicine 8th ed	Elsiever	2015

Ред.број:11

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**ПРВА ПОМОШ**
2.	Код	ОМ26 125
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина
4.	Организатор на студиската	УКИМ – Медицински факултет Катедра за хирургија

	програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Катедра за анестезиологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва (I)	Семестар	Втор (II)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	2			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорен наставник од Катедрата за хирургија проф. д-р Елизабета Жоговска Одговорен наставник од Катедра за анестезиологија проф. д-р Адријан Карталов			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Не постојат предуслови			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Воведување во основите на прва помош и вештини за животна поддршка. Студентите се запознаваат со принципите и вештините за укажување прва помош во ситуации на безсознание, крварења, скршеници, изгореници и други несреќи, како и со системот на современа тријажа при масовни катастрофи. Предметната програма има за цел да изгради кај студентите компмлетно познавање и применување на медицински, технички, комуникациски и организациски способности за итно згрижување и управување со критични состојби. Поточно, студентите ќе: - Стекнат темелно знаење за физиолошките и патофизиолошките промени што се јавуваат при акутни нарушувања, со способност за клиничка проценка на витални функции; - Бидат обучени за применување на стандардизирани алгоритмни (ABCDE), кои овозможуваат систематска иницијална проценка и итно стабилизирање на пациенти во животозагрозувачка состојба; - Усвојат практични вештини за давање на прва помош, вклучително контрола на крварење, спроведување на хемостаза, имобилизација на повреди и примена на основни медицински интервенции; - Развијат способности за ефикасна тријажа, организација на ресурси и комуникација со здравствени и спасувачки тимови при масовни несреќи, природни катастрофи и други ризични сценарија; - Го зајакнат капацитетот за тимска работа и интерпрофесионална соработка, особено во високо динамични и критични ситуации каде брзината и координацијата се клучни за исходот; - Усвојат протоколи за самозаштита и безбедносни процедури, вклучително биолошка, хемиска, механичка и психолошка заштита при итна интервенција во ризични услови.			

		Резултати од учењето: По завршување на предметната програма, студентот ќе покаже способност за самостојна и тимска примена на стекнатите знаења и вештини преку следниве резултати: - Ќе може да изврши систематска иницијална проценка на пациент користејќи ABCDE алгоритам, со цел рано препознавање на животозагрозувачки состојби и брзо преземање на мерки; - Ќе демонстрира вештини за примена на техники за хемостаза, вклучувајќи употреба на торникет, директна компресија, хемостатски агенси и други средства за контрола на крварење; - Ќе изведува правилна имобилизација на повредени екстремитети и 'рбет, користејќи стандардизирана опрема во согласност со протоколите за трауматска нега; - Ќе третира различни видови повреди (краниофацијални, торакални, абдоминални, термички и мултисистемски), користејќи алгоритми врз база на медицински практики засновани на докази и клинички упатства; - Ќе спроведува ефективна тријажа на терен, користејќи системи како START или SALT, проценувајќи итност и приоритети во зависност од клиничката состојба и достапноста на ресурси; - Ќе обезбеди безбеден транспорт на пациент, вклучувајќи иницијална стабилизација, избор на транспортна позиција и соработка со тимови за итна медицинска помош; - Ќе комуницира професионално и емпатично со пациенти, роднини и колеги во состојби на криза, демонстрирајќи јасност, одговорност и запазување на етичките принципи; - Ќе учествува ефикасно во интердисциплинарни тимови, преземајќи иницијатива, прилагодувајќи се кон променливи околности и придонесувајќи за постигнување на оптимален исход; - Ќе применува мерки за лична заштита и сигурност при изложеност на ризик (биолошки агенси, токсични супстанци, механички фактори), согласно институционалните протоколи; - Ќе покаже високо ниво на професионализам, етичка зрелост и свест за правните аспекти на итната медицинска интервенција, особено во случаи кои вклучуваат малолетни пациенти, пациенти без свест, масовни повреди или ограничен пристап до здравствена грижа.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава:** ***Модул Хирургија*** **Вовед во прва помош и безбедносни принципи *(1 час)*** *Предавање:* - Дефиниција на прва помош: правна и практична оправданост - Правни и етички основи за укажување на итна медицинска помош - Проценка на безбедност на местото на настан: биолошки, хемиски и физички ризици - Лична заштита: употреба на лична заштитна опрема (PPE) Основи на ABCDE методологија за иницијална проценка на пациент

Семинари:
Контрола на крварење и третман на рани *(1 час)*
Предавање:
- Класификација на крварења: артериско, венско, капиларно
- Механизми и техники за хемостаза: директен притисок, подигање на екстремитет, компресивна преврска
- Видови на рани: абразвни, лацерирани, авулзивни, пунктни
- Турникет и хемостатски агенси: индикации, техника на примена и можни компликации
- Мерки за примена на асепса, превенција на инфекции и чистење на рани.

Контузии, дисторзии, Фрактури, исчашувања со видови на имобилизација *(1 часа)*
Предавање:
- Повреди на горни и долни екстремитети, рбет, карлица
- Знаци, симптоми и третман на: контузии, дисторзии, фрактури и луксации
- Отворени vs. затворени фрактури
- Повреди од огнено оружје, експлозивни повреди
- Видови на имобилизација: шини, триаголни марами и др.
- Третман и транспорт на пациенти со траума (контузии, дисторзии, фрактури и луксации).

Повреда на глава и лицеви коски (1 час)

Предавање:
- Контузии и фрактури на черепот и лицевите коски
- Интракранијални крварења: епидурално, субдурално, субарахноидално
- Принципи на проценка на невролошки статус

Термички повреди, каснувања и повреди од околината *(1 часа)*
Предавање:
- Класификација на изгореници (1-ви до 4-ти степен)
- Прва помош за термички, електрични и хемиски изгореници
- Топлотен удар, сончаница – основи на третман
- Хипотермија, смрзнатини – основи на третман
- Каснувања од животни и луѓе (ризик од инфекција)

Управување со трауматски сценарија *(1 часа)*
Предавање:
- Повреди на глава, градни повреди (тапи и пенетрирачки), абдоминални трауми, траума во бременост
- Пристап кај пациент со политраума: крварење + фрактура + шок
- Повреди на карлица, спинални повреди, абдоминални рани
- Стабилизирање пред транспорт
- Тимски пристап и комуникација во критични состојби

Масовни несреќи и основи на тријажа *(1 часа)*
Предавање:
- Што е тријажа? Примена на START систем (Simple Triage and Rapid Treatment) за брза проценка
- Категории за тријажа: ИТНО, ОДЛОЖЕНО, МАЛО,

		ОЧЕКУВАНО - Основи на сортирање на жртви при катастрофи и големи несреќи, однесување на терен, алокација на ресурси и безбедност. **Практична настава:** **Техники за хемостаза (2 часа)** - Примена на директна компресија - Апликација на турникет и хемостатски преврски **Имобилизација и заштита на 'рбет (2 часа)** - Примена на фиксни и импровизирани имобилизациски средства и поставување марама. - Рбетна стабилизација и транспорт со рбетни мерки на претпазливост **Невролошка проценка и транспорт (1 час)** - Глазгов кома скала (GCS) - Транспорт кај пациент со невротраума **Третман на изгореници (1 час)** - Преврска кај пациент со изгореница - Техники за ладење и покривање - Проценка на површината и тежината **Трауматски случаи со систематки пристап и отстранување кацига (1 час)** - Системска примена на ABCDE - Техника на безбедно отстранување кацига **Симулација на масовна несреќа и тријажа (1 час)** - Категоризација со тријажни ознаки (црвено, жолто, зелено, црно), ознака на жртви според итност - Брза проценка на место на несреќа ***Модул Анестезиологија*** Прв блок - Што е прва помош: вовед, значење и методи - Причини кои доведуваат до потреба за укажување прва помош и проценка на состојбата: свест, дишење, циркулација, повреди - Основи на кардиопулмонална реанимација - Реанимација - Животна поддршка - Асфиксија и други состојби со нарушено дишење - Труење - Други видови итни состојби - Болки - Срцево белодробно оживување кај дете и возрасен пациент - Автоматски дефибрилатор - Поставување на интравенска линија - Интраосеална линија - Супраглотични и и нфраглотични помагала за одржување на дишен пат - Кислородна терапија - СБМО принципи

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">- АБЦДЕ принципи
- Респираторен дистрес
- Срцева масжа
- Шокови состојби
- Мозочен удар
- Акутен коронарен синдром
- Одсуство на свест – Глазгов кома скала
- Видови на живото-загрозувачки аритмии
- Третман на политрауматизиран пациент

Втор блок
- Рани и крварења
- Скршенини
- Повреди на мускулните и зглобните површини
- Изгореници
- Бандажирање и преврски
- Ефекти од ниски и високи температури
- Постапки при масовни несреќи – организација
- Губење на свест</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">Поврзан со сите предмети од студиската програма</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">60 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>7</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>6</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>17</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>30</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.

<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th colspan="2">Бодови</th></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td>Хирургија</td><td>Анестезиологија</td></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>1- 2</td><td>1- 2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>5 - 6</td><td>5 - 6</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>6 -12</td><td>6 -12</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td>18-30</td><td>18 - 30</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>/</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td>30-50</td><td>30-50</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td colspan="2">60-100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="3">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз</td></tr>
</table>

	основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит			
	19.1.	Континуирана проверка: бодови		/
	19.2.	Тестови: бодови		/
	19.3.	Семинари		12 -24 бодови
	19.4.	Завршен испит: бодови		Хирургија 18 - 30 Анестезиологија 18 – 30
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) F
			од 60 до 68 бода	6 (шест) E
			од 69 до 76 бода	7 (седум) D
			од 77 до 84 бода	8 (осум) C
			од 85 до 92 бода	9 (девет) B
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.	

22.

Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Jeffrey Schaider Stephen R. Hayden Richard Wolfe Roger M. Barkin Peter Rosen	Rosen and barkin's 5 minute emergency medicine consult.	Tabernakul Skopje	2011
2.	„Авторизирана литература од членовите на катедрите вклучени во наставата”		Медицински факултет	

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Група автори.	First Aid Manual. 11th Edition	London: DK Publishing	2021
2.				

Ред.број:12

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**АНАТОМИЈА НА ГЛАВА И ВРАТ**
2.	Код	ОМ26 211

3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за анатомија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Втора (II)	Семестар	Трет (III)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за анатомија проф. д-р Биљана Зафирова *наставата ја изведуваат сите членови на катедрата за анатомија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Исполнети услови за запишување на студиската програма. Положен испит Анатомија.			
11.	Цели на предметната програма (компетенци) и резултати од учењето:	Анатомијата на главата и вратот ќе се разгледува од функционална перспектива, со посебен акцент на клиничката анатомија. Студентот ќе биде квалификуван да ги пронајде и идентификува оние анатомски и морфолошки структури на главата и вратот сетилните органи како и морфологијата, структурата и значењето на деловите на централниот нервен систем (ЦНС) со кои ќе се сретне подоцна во секојдневната клиничка работа. Ќе се запознае со клинички значајни варијации, кои би можеле значително да влијаат врз поставувањето на клиничка дијагноза и третман.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Теоретската, практичната настава и семинарите се организирани во модули со соодветно поглавје. Секој модул од теоретската настава кореспонидира со соодветниот од практичната настава и семинарот. **Теоретска настава (предавања и семинари) 45 часа:** ***Модул 1- миологија, ангиологија и неврологија на глава и врат*** - Миологија, неврологија и ангиологија на главата и вратот. ***Модул 2 - органи на глава и врат*** - Органи на главата и вратот - Содржина на усната празнина, јазик, плунковни жлезди, непцев			

		крајник. - фаринкс, ларинкс, нос и параназални синуси. - тироидна и паратироидни жлезди. ***Модул 3 - сетилни органи и ЦНС*** - Сетилни органи (око, уво) - Вовед во анатомија на ЦНС. - Развој на нервниот систем и абнормалности во развојот на нервниот систем. - Ѝрбетен мозок. - Мозочно стебло (поделба, делови, градба) - Мозочно стебло (продолжен мозок, понс, среден мозок) - Мал мозок - Меѓумозок - Голем мозок - Коморен систем и цереброспинална течност. - Обвивки на централниот нервен систем и цереброспинална течност. - Менинги и васкуларизација на мозок. - Функционални системи (моторен, сензитивен, систем за вид, слух, вестибуларен, вкус и мирис). - Функционални системи (лимбичен, невроендокрин систем). Функционални кругови во formatio reticularis. - Холинергичен и моноаминергичен систем. - Виши интегративни функции **Практична настава:** ***Модул 1- миологија, ангиологија и неврологија на глава и врат*** - Препознавање на анатомските структури во топографските регии на главата и вратот (мускулите, крвните садови и нервите). ***Модул 2 - органи на глава и врат*** - Топографска анатомија на главата и вратот. - Препознавање и утврдување на органите и делови на органите во топографските регии на главата и вратот. ***Модул 3 - сетилни органи и ЦНС*** - Препознавање и утврдување на деловите на сетилните органи-око и уво. - Препознавање и утврдување на деловите на ЦНС на фиксирани препарати и пластинирани модели.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава. часови	20
		16.2.	Семинари	25
		16.3.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	45
		16.4.	Пракса: часови	/

<table>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење – задачи</td><td>90</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска,практична настава и семинар.

<table><tr><th>Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr><tr><td>Теоретска настава</td><td>1-2</td></tr><tr><td>Практична настава</td><td>5-8</td></tr><tr><td>Семинари</td><td>9-15</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит</td></tr>
<tr><td></td><td>19.1.</td><td colspan="2">Континуирана проверка: бодови</td><td>Континуирани проверки (2) по модули

Студентот може да бира дали ќе полага после секој модул, во колоквиумска или комплетен завршен испит.

1. Миологија, ангиологија и неврологија на главата и вратот
бодови
15 мин.-25 макс.
2. Органи на глава и врат
бодови
15 мин.-25 макс.

Секоја проверка се состои од писмен, устен и практичен дел.

Писмениот дел е елиминаторен и се смета за положен доколку е решено мин 60 % од тестот.

Практичниот дел (соодветно на модулот) ги опфаќа анатомските структури во топографските регии на главата и вратот (мускулите, крвните садови и нервите), органите и делови на органите во топографските регии на главата и вратот. Се изведува на кадавери, фиксирани препарати и пластинирани модели. Практичниот дел се смета за положен доколку студентот освои мин 6 – макс 10 бодови.

Усниот дел се состои од прашања со кои се испрашува интегративното</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td></td><td></td><td colspan="2">знаење на студентот кое е битно за разбирање на целината на предметот и медицинската практика.
Усниот дел се смета за положен доколку студентот освои мин 9-макс 15 бодови.

Завршниот испит го опфаќа материјалот од анатомија на сетилата и централниот нервен систем и се состои од елиминаторен писмен дел и устен дел.

Студентот е должен да освои минимум од предвидените бодови за секој дел за да може да му биде впишана завршна оцена.</td></tr>
<tr><td></td><td>19.2.</td><td>Тестови: бодови</td><td colspan="2">/</td></tr>
<tr><td></td><td>19.3.</td><td>Семинари</td><td colspan="2">Семинарите ќе се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот и ќе бидат задолжителни за студентите. Присуството и ангажираноста на студентите во семинарите ќе се евидентира и освоените бодови ќе влезат во крајната оценка за предметот.
Бодови 9 мин.-15 макс.</td></tr>
<tr><td></td><td>19.4.</td><td>Завршен испит: бодови</td><td colspan="2">Компетниот завршен испит се состои од неположените континуирани проверки или целокупниот материјал од предметот.
Студентот кој ги положил предвидените континуирани проверки и реализирал услови за потпис се стекнува со право за завршна оцена по предметот.
Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности.

<table>
<tr><th>Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td>Теоретска настава</td><td>1-2</td></tr>
<tr><td>Практична настава</td><td>5-8</td></tr>
<tr><td>Семинари</td><td>9-1</td></tr>
<tr><td>Континуирани проверки (2)</td><td>30-</td></tr>
<tr><td>Завршен испит</td><td>15-25</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="2">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 59 бода</td><td>5 (пет) F</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td><td>од 60 до 68 бода</td><td>6 (шест) E</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td><td>од 69 до 76 бода</td><td>7 (седум) D</td></tr>
</table>

		од 77 до 84 бода	8 (осум) С
		од 85 до 92 бода	9 (девет) В
		од 93 до 100 бода	10 (десет) А
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1	Анатомија на Централниот нервен систем	Јулија Живадиновиќ, Ники Матвеева, Билјана Зафирова	Скопје, УКИМ, Медицински Факултет	2023
2.	Анатомија 3 за студентите од општа медицина	Живадиновиќ Јулија, Матвеева Ники, Папазова Марија, Зафирова Биљана, Чадиковска Елизабета.	Скопје, УКИМ, Медицински Факултет	2019

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Susan Standring	Gray's Anatomy- The Anatomical Basis of Clinical Practice	41st. ed. Elsevier Churchill Livingstone, New York.	2019
2.	Arthur F. Dalley II, Anne M. R. Agur	Moore's Clinically Oriented Anatomy	9th ed. Philadelphia, PA: Lippincott Williams and Wilkins.	2023
3.	Елис Х, Лога БМ, Диксон АК	Анатомија на човекот на пресеци	Скопје: Арс Ламина ДОО	2011
4.	Папазова М, Лазарова Д, Живадиновиќ Ј	Периферен нервен систем - клиничка анатомија	Скопје: МАРИВ-С	2009
5.	Папазова М, Лазарова Д, Живадиновиќ Ј.	Васкуларизација на мозокот	Скопје: УКИМ, Медицински факултет;	2010
6.	Папазова М, Живадиновиќ Ј, Нетковски Ј	Клиничка анатомија на носот	Скопје: УКИМ, Медицински факултет;	2016

Ред.број:13

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФИЗИОЛОГИЈА**
2.	Код	ОМ26 212

3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за физиологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Втора (II)	Семестар	Трет (III) и четврт (IV)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	16			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за физиологија Проф. д-р Бети Дејанова Наставата ја изведуваат сите членови на Катедрата за физиологија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Неопходни предуслови за слушање на преметот - положени испити од предметите морфологија и физиологија на клетка и од анатомија Неопходни предуслови за полагање на предметот – положен испит од анатомија на глава и врат			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Да го оспособи студентот да го разбире функционирањето на човечкиот организам за да може да: - ја дефинира хомеостазата и да објасни како хомеостатските механизми ја одржуваат константноста на внатрешната средина - ги дефинира функциите на органските системи и да ги објасни механизмите преку кои ги остваруваат своите функции. - ги разбере и интерпретира врските помеѓу одделните органски системи во целина. - да ги дефинира функциите на нервниот систем, на сетилата и на ендокриниот систем, да ги објасни нивните механизмите на функционирање. - да ги разбере и интерпретира врските помеѓу нервниот и ендокриниот систем, како и нивните врски со останатите органски системи. - Да изведува одредени практични процедури за функционирањето на органските системи, како и за регулаторните системи на човечкиот организам			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава** - Функционална организација на човечкото тело, механизми за одржување на константноста на внатрешната средина - повратни врски и регулација на телесните функции. - Физиологија на скелетните и мазните мускули - физиолошка организација, карактеристики, ексцитација и контракција, разлики помеѓу скелетни и мазни мускули. - Физиологија на срцето - срцев циклус, срцеви тонови, срцева			

		работа, енергетски метаболизам на срцето, регулација на срцевата работа, систем за создавање и спроведување на импулси во срцето, биоелектрична активност на срцето, нормален електрокардиограм. - Физиологија на циркулацијата, артерискиот и венскиот крвоток - физиологија на микроциркулација и лимфен систем, контролни механизми на регулација на циркулација, регулација на крвен притисок. - Физиологија на крвта и на крвните елементи - еритроцити, леукоцити и тромбоцити, крвни групи, хемостаза и коагулација на крв. - Физиологија на респираторниот систем - белодробна вентилација, механика на дишење, белодробна циркулација, дифузија и транспорт на кислород и јаглероден диоксид; регулација на дишење. - Физиологија на телесните течности и нивна регулација. - Физиологија на уринарниот систем - процеси на создавање на урина во бубрезите и механизми на регулација, регулација на осмоларноста и концентрацијата на натриум, калиум, калциум, фосфати и магнезиум, регулација на ацидо-базна рамнотежа. - Физиологија на гастроинтестиналниот систем - моторна активност, мотилитет и секреторна активност, дигестија на храна и апсорпција на хранливи материи, регулација на функциите на гастроинтестиналниот систем. - Физиологија на метаболизмот - метаболни процеси на јаглени хидрати, масти и протеини, физиолошка регулација на енергетска рамнотежа, базален метаболизам и исхрана. - Физиолошки функции на црниот дроб. - Физиологија на кожа, терморегулација, телесна температура. - Физиологија на нервниот систем - неврон, нервни импулси, синапси, невротрансмитери и невромодулатори. - Физиологија на сензорниот систем, рецептори, нервни патишта, сензорен кортекс, соматски осети, сетилото за допир и положба, сетило за вид, сетило за слух, сетило за вкус, сетило за мирис. - Физиологија на моторниот кортекс, базални ганглии, мал мозок, мозочно стебло, ‘рбетен мозок, вегетативни спинални рефлекси, физиолошки функции на автономниот нервен систем. - Физиологија на ретикуларната формација и физиологија на лимбичниот систем и хипоталамус. - Физиологија на ендокриниот систем - физиолошки механизми на дејство на хормоните на жлездите со внатрешно лачење: хипофиза, тиреоидеа, паратиреоидни жлезди, ендокрин панкреас, надбубрежни жлезди, полови жлезди. **Семинари** - Физиологија на скелетните и мазните мускули и срцев мускул - Физиологија на кардиоваскуларниот систем - Физиологија на крвта и на крвните елементи - Физиологија на респираторниот систем - Физиологија на телесните течности и на уринарниот систем - Физиологија на гастроинтестиналниот систем со метаболизам и црн дроб

		- Физиологија на сензорниот систем, ретикуларната формација и на лимбичниот систем. - Физиологија на моторниот систем и автономниот нервен систем - Физиологија на хипоталамус, хипофиза и вовед во ендокринологија - Физиологија на ендокрините жлезди **Практична настава** - Дејство на механичка, хемиска и електрична дразба на нервно-мускулен препарат. Директно дразнење на мускул - Испитување на активноста на мускулите - Испитување на активноста на срцевиот мускул кај експериментални животни и дејство на различни фактори врз работата на срцето. - Определување на артериски пулс – карактеристики - Мерење на крвен притисок - Аускултација на срцеви тонови - Испитување на биоелектрични струи кај човек и електрокардиографија. - Испитување на крвта и крвните елементи (еритроцити, леукоцити и тромбоцити), определување на крвни групи и методи за испитување на хемостазата. - Испитување на функцијата на респираторниот систем (функционални тестови) - Испитување на функцијата на уринарниот систем - гломеруларна филтрација, испитување на хемискиот состав на урината, одредување на бубрежниот клиренс - Определување на ацидобазна рамнотежа: пуфери на крвна плазма, физиолошки пуферски системи. - Испитување на функцијата на гастроинтестиналниот систем - определување на ацидитет на желудачниот сок, и дејството на дигестивните ензими. - Мерење на телесната температура, одредување на базалната (во мирување) метаболна количина, составување дневен оброк. Испитување на кондиционата способност на организмот (Харвардов степ тест, Флаков тест, ергографија, динамометрија) - Испитување на периферниот нервен систем кај експериментални животни, неговата надразливост и спроводливост; - Спинална жаба, спинален шок и рефлексна активност - Испитување на клинички важни рефлекси кај човек. - Испитување на автономен нервен систем. - Испитување на мозочната активност. - Испитување на сетилото за вид, сетило за звук и сетило за рамнотежа. - Испитување на функциите на ендокрините жлезди кај експериментални животни
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан е со следниве предмети: морфологија и физиологија на клетка, анатомија, хистологија со ембриологија и со патофизиологија
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.
15.	Вкупен расположив	480часа

<table>
<tr><td></td><td>фонд на време</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања- теоретска настава. часови</td><td>60</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>60</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>120</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>240</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.

*, континуираните проверки се 2, а се однесуваат на втората (зимски семестар) и на четвртата колоквиумска недела (летен семестар) и секоја од нив носи од 15 до 25 бода.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит од кој практичниот дел е интегрирано знаење за предметот. Писменият дел од завршниот испит се однесува само на студентите кои не ги положиле континуираните проверки.
<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>1-3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>9-12</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>5-10</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки*</td><td>30- 50</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>15-25</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table>
<table>
<tr><td>19.1.</td><td>Континуирана проверка: бодови</td><td colspan="2">2 континуирани проверки (секоја носи по15-25 бода)</td></tr>
<tr><td>19.2.</td><td>Тестови: бодови</td><td colspan="2">1 завршен испит – практичен дел (15-25 бода)</td></tr>
<tr><td>19.3.</td><td>Семинари</td><td colspan="2">Семинарите се дел од теоретската настава и ќе се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот, а ќе бидат задолжителни за студентите. Присуството и ангажираноста на студентите во семинарите ќе се евидентира и бодира, а освоените бодови ќе влезат во крајната оценка за предметот.</td></tr>
<tr><td>19.4.</td><td>Завршен испит: бодови</td><td colspan="2"></td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td rowspan="4">20.</td><td rowspan="4">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 59 бода</td><td>5 (пет) F</td></tr>
<tr><td>од 60 до 68 бода</td><td>6 (шест) E</td></tr>
<tr><td>од 69 до 76 бода</td><td>7 (седум) D</td></tr>
<tr><td>од 77 до 84 бода</td><td>8 (осум) C</td></tr>
</table>

			од 85 до 92 бода	9 (девет) B	
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
			Артур К. Гајтон, Џон Е. Хол	Медицинска физиологија	Академски печат	2012
			Катедра за физиологија	Практикум по физиологија	Медицински факултет, Скопје	Во печат
	22.2.	Дополнителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Ш. Зибернагл, А. Деспопулос	Физиолошки атлас во боја	Табернакул	2010
		2.	Катедра за физиологија	Физиологија на органски системи	Медицински факултет, Скопје	Во печат

Ред.број:14

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**МЕДИЦИНСКА БИОХЕМИЈА**			
2.	Код	ОМ26 213			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за Биохемија и клиничка биохемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Втора (II)	Семестар	Трет (III) и четврт (IV)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	12			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници	Раководител на катедрата за Биохемија и Клиничка биохемија Вонреден проф. д-р Ирена Костовска *наставата ја изведуваат сите членови на катедрата			

	назначен одговорен наставник)	
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Положен испит по предметот Основи на Биохемија
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Главна цел на предметната програма е по завршување на наставата и полагање на испитот студентите да стекнат основно познавање за биомолекулите, нивната структура, својства и учество во градбата на човечкиот организам, како и познавање на нивната функција кај здрав организам.. Студентите ќе се стекнат со основни познавања за метаболизмот, општите принципи на претворбата на интермедиерите и конверзијата на енергијата, вклучувајќи ги и процесите кои учествуваат во регулацијата на метаболизмот, познавања за интегрираниот метаболизам, ќе знаат да ги поврзат метаболните процеси со функцијата на пооделни органи како и да ги поврзат промените во метаболизмот со најчестите заболувања. Стекнатото знаење ќе биде основа за разбирање на голем број патолошки промени во човечкиот организам.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава** **Предавања III семестар:** **1.Амино киселини, пептиди, протеини, хемоглобин и миоглобин** Резултати од учење: Ќе знаат детално да ја објаснат градбата и функцијата на аминокиселините, пептидите, структурата на протеините, методите за сепарација на аминокиселини, пептиди и протеини, детално да ја објаснат градбата и функцијата на хемоглобинот и миоглобинот, разликата помеѓу миоглобин и хемиглобин, ќе ги знаат медицински значајните пептиди. Судентите ќе се запознаат со плазма протеините, нивна градба и улога во човечкиот организам во физиолошки и патолошки состојби. **2. Липиди** Резултати од учење: Ќе знаат да ги дефинираат и класифицираат липидите, нивната биолошка улога: енергетски резервоар, структурни компоненти на биомембрани, сигнални молекули, градбата и функцијата на триацилглецеролите, восоците, масните киселини, фосфолипидите, гликолипидите, стероидите и каротеноидите. Судентите ќе се запознаат **со структурата и функцијата на еикозаноидите:** простагландини, тромбоксани, леукотриени. **3. Јаглехидрати** Резултати од учење: Ќе знаат детално да ја објаснат поделбата на јаглехидратите, градбата и функцијата на хомогликаните, хетерогликаните, гликозаминогликаните. **4. Хетеромакромолекули** Резултати од учење: Ќе знаат детално да ја објаснат градбата и функцијата на гликопротеините и протеогликаните, нуклеопротеините, хромопротеините, металопротеините, фосфопротеините. **5. Нуклеински киселини и биосинтеза на протеини** Резултати од учење: Ќе знаат детално да ја објаснат градбата и функцијата на нукленските киселини (ДНК, РНК), нивната организација, структурата на хромозомите, биосинтезата на нукленските киселини и регулацијата на експресијата на гените,

		биосинтезата на протеините и патобиохемиските аспекти при одредени нарушувања во метаболизмот на нуклеинските киселини. **6. Витамини** Резултати од учење: Ќе знаат да ги објаснат разликите помеѓу липосолубилните и хидросолубилните витамини, нивната хемиска градба и нивната улога во метаболните процеси во организмот на човекот. **7. Ензими и кофактори** Резултати од учење: Ќе знаат да ја објаснат структурата, физичките и хемиските својства на ензимите, активен центар, алостеричен центар, молекулска маса на ензими, рибозими, каталитичките својства на ензимите-карактеристики на биолошката катализа, енергетиката на ензимските реакции, механизмот на ензимските реакции, супстратна специфичност: апсолутна специфичност, групна специфичност, ниска специфичност, стереоспецифичност, геометриска специфичност, кинетиката на ензимски катализираните реакции - Михаелис-Ментенова равенка, влијанието на температурата, pH, концентрацијата на супстрат и концентрацијата на ензим врз брзината на ензимска реакција, реверзибилност на ензимските реакции, заситеност на ензимите со супстрат, мултисупстратни ензимски реакции, структура и функција на кофактори: коензими и простетски групи, класификацијата и номенклатурата на ензимите, активација на ензими, инхибиција на ензими: типови инхибиција, алостерична контрола на ензимската активност, мултиензимски системи, регулација на ензимска активност, одредување на каталитичката активност на ензимите и мерни единци: континуирани и дисконтинуирани методи. **8. Хормони и биосигнализација** Резултати од учење: Ќе можат да ги објаснат градбата и структурата на хормоните, нивната функција во човечкиот организам, ќе знаат да ја споредат нивната структура со начинот на биосигнализирање и да го применат своето знаење во препознавањето на патобиохемиските основи на определени ендокринолошки заболувања. **Семинари - III семестар** **1. Биохемија на клетка и биолошки мембрани** Резултати од учење : Ќе знаат да ги објаснат главните биохемиски карактеристики на клеточните органели и градбата на клеточната мембрана, да ги објаснат различните типови на мембрански транспорт и да ги поврзат со определени физиолошки и патолошки состојби. **2. Цитоскелетни и моторни протеини** Резултати од учење: Ќе знаат да ја објаснат градбата и структурата на цитоскелтените и моторните протеини, микрофиламенти (актински филаменти), микротубули, интермедиерни филаменти, моторни протеини: миозин, кинезин динеин, нивната физиолошка улога во клетката како и поврзаност со одредени патолошки состојби при нарушена нивна градба и/или функција. **3. Екстраклеточен матрикс** Резултати од учење: Ќе знаат да ја објаснат градбата и структурата на екстраклеточниот матрикс, градбата на колагенот, еластинот, фибронектинот, ламининот, да ја објаснат функцијата на екстраклеточкиот матрикс во клетката како и поврзаност со одредени патолошки состојби при нарушена градба и/или функција на одредени компоненти на екстраклеточниот матрикс. **4. Вода и електролити** Резултати од учење: Ќе знаат да го објаснат метаболизмот на вода,

		внатрешната дистрибуција на телесната вода, регулација на метаболизмот на вода, како и нарушувањата во метаболизмот на вода, ќе знаат да го објаснат метаболизамот на катјони и анјони, и метаболизамот на олигоелементи, регулацијата на метаболизамот на катјони и анјони, и метаболизамот на олигоелементи и нарушувањата во нивниот метаболизам. **5. Биохемија на мускули и коскено ткиво** Резултати од учење: Ќе знаат да ја објаснат биохемиската основа на процесот на мускулната контракција, градбата на скелетните, мазните мускули и срцевиот мускул, градбата на миофибрилите, актинските и миозинските миофиламенти, изворите на енергија за процесот на мускулна контракција и процесите на регулација на мускулна контракција. Ќе знаат да ја објаснат градбата на коскеното ткиво: органски компоненти: колаген тип I, остеокалцин, остеонектин, неоргански компоненти: хидроксиапатит ($Ca_{10}(PO_4)_6(OH)_2$), улога на остеобласти, остеокласти и остеоцити, метаболизам на калциум и фосфор, хормонска регулација: паратироиден хормон, калцитонин, витамин D, минерализација и ремоделирање на коска и ќе ги знаат биохемиските маркери на коскена синтеза и разградба, као и нарушувањата во процесите на рамнотежа на коскена синтеза и разградба. **Практична настава III семестар:** 1. **Вовед во лабораториски анализи: од примерок до наод** – видови биолошки материјал за биохемиски испитувања, флеботомија, собирање урина, центрифугирање, добивање серум и плазма, одредување на референтни вредности на биохемиските параметри, фактори кои влијаат врз концентрацијата на биохемиските параметри. 2. **Основни принципи на фотометрија и одредување на концентрација на вкупни протеини –** основни принципи на фотометриските методи, составни делови на фотометар,принцип на работа на фотометар, принцип на методот за одредување на вкупни протеини во серум, референтни вредности на вкупни протеини во серум и клиничко значење. **3. Испитување на состав и општи особини на сложени протеини** – изолирање и докажување на дезоксинуклеопротеини од слезенка на стаорец, докажување на хемоглобин со бензидинска реакција, докажувањ на јаглехидратниот дел од муцините на плунката. **4. Електрофореза на серумски протеини на целогел лента-** основни принципи на електрофореза, примена на електрофореза и електрофоретска сепарација на серумски протеини на целогел лента и клиничко значење. **5. Сепарација на серумски протеини со гел филтрација –** принцип на гел филтрација, потребна опрема и материјал за изведување на гел филтрација, препаративна сепарација на серумски протеини со гел филтрација. **6. Одредување на концентрација на витамин С во плазма и урина** – функции на витамин С во организмот на човекот, метаболизам на витамин С, определување на С витамин во плазма и урина со титриметриски метод и клиничко значење. **7. Ензими и ензимска кинетика** – определување на кинетичките константи Vmax и Km на ензимите, типови инхибиција. **8. Влијание на pH и температура врз брзината на ензимската реакција** - определување на влијанието на pH и температуратс врз брзината на ензимската реакција. **9. Определување на каталитичка активност на алакална**

		фосфатаза во серум - методи за определување на активноста на ензимите, определување на активност на алкална фосфатаза во серум со континуирана постапка. **10.Определување на концентрација на електролити во серум: калциум и неоргански фосфор – електролити на крвна плазма: натриум, калиум, калциум, неоргански фосфор, хлориди, бикарбонати,** определување на концентрација на калциум во серум со фотометриски метод, определување на концентрација на неоргански фосфор во серум со фотометриски метод според King **11.Определување на концентрација на железо во серум –** распределба на железото во организот, концентрација на железо во крв и клиничко значење, определување на концентрација на серумско железоспоред методот на Ramsey. **Теоретска настава** **Предавања IV семестар:** **1. Преглед на метаболизмот** Резултати од учење: Ќе се запознаат со поимите метаболизам, анаболизам и катаболизам, извори на енергија, кружење на јаглерод, кислород и азот во природата, организација на хемиските реакции, три фази на метаболизмот, енергетика на биохемиските реакции и регулација на метаболните патишта. **2. Метаболизам на протеини** Резултати од учење: Ќе се запознаат со процесот на варење и ресорпција на протеини во ГИТ, метаболички фонд на аминокиселини, општиот метаболизам на аминокиселините, судбина на амонијакот и синтеза на уреа, специјален метаболизам на аминокиселини, регулација на метаболизмот на аминокиселините и протеините. **3. Метаболизам на липиди** Резултати од учење: Ќе се запознаат со метаболните процеси на липидите во човечкиот организам:: метаболизам на триацилглицероли, бета оксидација на масни киселини, кетогенеза, биосинтеза на масни киселини, биосинтеза на триацилглицероли, биосинтеза на холестерол, биосинтеза на фосфолипиди, биосинтеза на гликолипиди, катаболизам на холестерол. Метаболизам на простагландини. Структура и метаболизам на липопротеини. **4. Метаболизам на јаглехидрати** Резултати од учење: Ќе се запознаат со метаболните процеси на јаглехидратите: гликолиза (аеробна и анаеробна), гликонеогенеза, пентозофосфатен циклус, гликогенеза, гликогенолиза. **5. Оксидативна декарбоксилација на пируват во Ацетил – КоА** Резултати од учење: Ќе се запознаат со процесот на Оксидативна декарбоксилација на пируват во Ацетил – КоА, како и другите можни судбини на пируватот во метаболизмот на човечкиот организам. Состав на пируват дехидрогеназниот мултиензимски комплекс и регулација на неговата активност. **6. Циклус на лимунска киселина** Резултати од учење: Ќе се запознаат со реакциите во циклусот кој преставува крстосница на сите метаболни процеси во организмот, енергетскиот придонес, регулација на циклусот и улога на циклусот на лимунска киселина во поврзување на метаболизмот на јаглехидратите, липидите и аминокиселините. **7. Респираторен ланец, оксидативна фосфорилација и биосинтеза на АТП** Резултати од учење: Ќе се запознаат со оксидо-редукциските

		реакции, редокс системи, редокс потенцијал, енергетско значење на респираторниот синџир, механизам на оксидативна фосфорилација, регулација на клеточното дишење. **8. Метаболизам на пурини и пиримидини** Резултати од учење: Ќе се запознаат со структурата, улогата и значењето на нуклеотидите, процесот на нивно варење, метаболизам на пурински нуклеотиди, метаболизам на пиримидински нуклеотиди, како и нарушувања во нивниот метаболизам. **9. Метаболизам на хемоглобин** Резултати од учење: Ќе се запознаат со синтезата на хем и хемоглобин, катаболизмот на хемоглобинот и нарушување во метаболизамот на хемоглобин. **10. Интеррелација на метаболните патишта и анаплеротски реакции** Резултати од учење: Ќе се запознаат нтеграција на метаболните патишта во клетката, централна улога на циклусот на лимонска киселина, врска со катаболизмот на јаглехидрати, липиди и аминокиселини. Интеррелација на метаболните патишта: гликолиза и глуконеогенеза - регулација и поврзаност, липогенеза и бета-оксидација - взаемна зависност, катаболизам на аминокиселини и вклучување во ЦЛК, рибозо-5-фосфат пат и нуклеотидна биосинтеза. Анаплеротски реакции: главни реакции кои го надополнуваат ЦЛК со интермедиери, катаплеротски реакции - излез на интермедиери од ЦЛК за биосинтеза, баланс меѓу анаплероза и катаплероза. Регулација: алостерична контрола на ензимите во ЦЛК, хормонална регулација (инсулин, глукагон, адреналин), енергетски статус на клетката (ATP/ADP, NADH/NAD^+ сооднос). **Семинари - IV семестар** **1. Биохемија на црн дроб и ксенобиотици** Резултати од учење: Ќе се запознаат со функциите на црниот дроб: метаболни, детоксикациски, синтетички, складишни и улога во одржување на хомеостаза. Метаболизам во црниот дроб: Јаглехидрати: гликогенеза, гликогенолиза, глуконеогенеза, Липиди: синтеза и оксидација на масни киселини, кетогенеза, липопротеини, Протеини и аминокиселини: трансаминација, дезаминација, уреа циклус, Витамини и минерали: складирање и метаболизам. Биосинтетички функции: синтеза на плазматски протеини (албумин, коагулациони фактори, транспортни протеини), синтеза на жолчка и жолчни соли. Ксенобиотици и детоксикација-дефиниција за ксенобиотици (лекови, токсини, хемикалии), Биотрансформација: Фаза I реакции – оксидација, редукција, хидролиза (цитохром P450 систем), Фаза II реакции – конјугација (глукуронидација, сулфатација, ацетилација, метилација, глутатион конјугација). Лекови и индуцирани оштетувања на црн дроб. **2. Биохемија на бубрези и ацидо-базна рамнотежа** Резултати од учење: Ќе се запознаат со функциите на бубрезите: екскреторна – формирање урина и екскреција на крајни метаболити, регулаторна – регулација на рамнотежа на телесни течности и електролити, ендокрина, метаболна функција на бубрезите и улога во регулација на ацидо-базната рамнотежа. Ацидо-базна рамнотежа Ќе се запознаат со Физиолошки pH и негово значење, Пуферски системи: бикарбонатен, фосфатен, протеински пуфер, улога на бубрезите во одржување на pH. Ќе се запознаат и со нарушувања на ацидо-базната рамнотежа: метаболна и респираторна ацидоза: причини, лабораториски наоди, метаболна и респираторна алкалоза:

		причини, лабораториски наоди, компензација на нарушувањата преку пуферските системи, бубрезите и респираторниот систем. **3. Биохемија на нервно ткиво** Резултати од учење: Ќе се запознаат со основните метаболни карактеристики на нервното ткиво. Невротрансмитери и нивен метаболизам:: ацетилхолин, катехоламини (допамин, норадреналин, адреналин), серотонин, ГАБА, глутамат, глицин, аспартат, пептидни невротрансмитери како и механизмите на синтеза, складирање, ослободување и инактивација на невротрансмитерите. **4. Биохемија на телесни течности** Резултати од учење: Ќе се запознаат со главните биохемиски карактеристики на крвта, процесот на коагулација на крвта, биохемиските карактеристики на урината, плунката и цереброспиналната течност. **5. Слободни радикали и антиоксиданси** Резултати од учење: Ќе знаат дефиниција за слободни радикали, хемиски особини и нестабилност на слободните радикали, како и нивно значење во биолошките системи. Ќе се запознаат со биохемиското потекло на слободните радикали, ендогени и егзогени извори, видови на слободни радикали: реактивни кислородни радикали, реактивни азотни радикали, механизми на нивно дејство: липидна пероксидација и оштетување на мембрани, оксидативни модификации на протеини, оштетување на ДНК и мутации, нарушување на ензимската активност. Оксидативен стрес. Антиоксидативна одбрана; ензимски антиоксиданти: супероксид дисмутаза, каталаза, глутатион пероксидаза, неензимски антиоксиданти: витамин Е, витамин Ц, каротеноиди, глутатион, уратна киселина.Улога на слободни радикали во патогенеза на болести: атеросклероза и кардиоваскуларни заболувања, дијабетес мелитус и компликации, невродегенеративни болести (Алцхајмерова, Паркинсонова), малигни заболувања, хронични воспалителни состојби. **Практична настава IV семестар:** **1. Липиди –** принцип на ензимско определување на триглицериди и определување на концентрацијата на холестерол со CHOD/PAP метод, реефрентни вредности и клиничко значење. **2. Липопротеини** – HDL и LDL холестерол, електрофореза на липопротеини на целулоза ацетат, определување на HDL холестрол со фотометриска директна меода, математичко пресмтеување на LDL холестерол. **3. Одредување на концентрација на глукоза –** нормогликемија и фактори кои ја регулираат, гликозилиран хемоглобин, ОГТТ, клиничко значење. определување на концентрацијата на глукоза во крв со GOD/PAP метод, определување на концентрацијата на гликозилиран хемоглобин со хроматографско-спектрофотометриска метода. **4. Определување на концентрација на гликоген во црн дроб од стаорец спред методот на SIU LO** – добивање екестракт од црн дроб на стаорец, фотометриско определување на концентрација на глукоза по хидролиза на гликогенот, пресметување на концентрација на гликоген. **5. Хроматографија** – основен принцип на хроматографските методи, типови хроматографски техники, хартиена хроматографија, сепарација на смеса од шеќери со кружна хартиена хроматографија. **6. Одредување на концентрација на непротеински азотни**

		соединенија во серум и урина: уреа, кретаинин и уратна киселина – непротеински азотни соединенија, определување на концентрација на уреа со ензимска метода, определување на концентрација на мочна киселина со ензимска колориметриска метода, креатин и креатинин, дефиниција за клиренс, определување на концентрација на креатинин преку модифицирана кинетичка метода на Jaffe. **7. Биолошки оксидации -** определување на концентрација на каталитичка активност на сукцинат дехидрогеназа и каталаза **8. Ацидо-базна рамнотежа –** регулација на ацидо-базната рамнотежа: пуферни системи, респираторен систем, бубрези, пореметување на ацидо-базната рамнотежа, параметри на ацидо-базната рамнотежа и определување на концентрација на бкарбонати (вкупен CO_2) во серум со титриметриски метод по Van Slyke **9. Биохемиско-лабораториска анализа на урина –** формирање и состав на урина, рутински преглед на урина: опис на физичко-хемиски карактеристика на урина, хемиска анализа на уринатa и преглед на седимент на урина. Испитување на урина со тест траки. **10. Уринарни протеини и нивно биохемиско значење** – протеинурии-поделба на протеинурии според количество на излачени протеини и според тип на излачени протеини во урина. Определување на концентрација на вкупни протеини во урина според методот на Meulemans и сепарација на уринарни протеини со градиентна (4-22%) SDS-PAGE. **11. Определување на каталитичка концентрација на ензими значајни во дијагноза на одредени заболувања –** определување на активноста на аланин и аспартат аминотрансфераза (AST и ALT) во серум и нивно дијагностичко значење.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма Положен испит по Медицинска биохемија е предуслов за слушање на предметот Клиничка Биохемија.		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	360 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава. часови	24+24
		16.2.	Семинари	15+15
		16.3.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	51+51
		16.4.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	/
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење - задачи	180
18.	Услови за потпис	За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.		
19.	Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит			

		Вид на активност		**Бодови**	
		Теоретска настава		1-3	
		Практична настава		8 -12	
		Семинари		3-5	
		Континуирани проверки		18-30	
		Завршен испит	Писмен дел	21-35	
			Практичен дел	9-15	
		Вкупно		**60-100**	
	19.1.	Континуирана проверка: бодови		18-30	
	19.2.	Тестови: бодови		Практичен испит 9-15	
	19.3.	Семинари		Семинарите се дел од теоретската настава и ќе се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот, а ќе бидат задолжителни за студентите. Присуството и ангажираноста на студентите во семинарите ќе се евидентира и бодира, а освоените бодови ќе влезат во крајната оценка за предметот.	
	19.4.	Завршен испит: бодови		21-35	
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) F	
			од 60 до 68 бода	6 (шест) E	
			од 69 до 76 бода	7 (седум) D	
			од 77 до 84 бода	8 (осум) C	
			од 85 до 92 бода	9 (девет) B	
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Слободa Цекова – Стојкова и сор.	Биохемија	УКИМ, Медицински факултет, Скопје	2010

		2.	Соња Топузовска, Јасна Богданска, Гордана Босилкова, Марија Геракаровска, Снежана Ефремова Аарон, Јулијана Брезовска, Кавракова, Петраќи Корнети, Ирена Костовска, Марија Крстевска, Даница Лабудовиќ, Катерина Тошеска Трајковска, Светлана Цековска	Практикум за вежби по медицинска биохемија за студентите по општа медицина	УКИМ, Медицински факултет, Катедра за биохемија и Клиничка биохемија, Скопје	2021
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Роберт К. Марej и др.	Харперова илустрирана биохемија	Арс Ламина	2012
		2.	Дејвид Нелсон и Мајкл Кокс	Ленинџер Принципи на биохемијата	Никена	2011
		3.	Детлеф Денке, и др.	Карлсонс Биохемија и Патобиохемија	Микена	2010

Ред.број:15

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФУНКЦИОНАЛНА И КЛИНИЧКИ АПЛИКАТИВНА АНАТОМИЈА И ХИСТОЛОГИЈА**
2.	Код	ОМ26 214
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за анатомија Катедра за хистологија
5.	Степен (прв, втор,	Интегриран прв и втор циклус

	трет циклус)				
6.	Академска година / семестар	Година	Втора (II)	Семестар	Трет (III)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3 (2+1)			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на Катедрата за анатомија проф. д-р Биљана Зафирова Одговорен наставник од Катедрата за хистологија и ембриологија доц. д-р Ирена Костадинова Петрова *наставата ја изведуваат сите членови на двете катедри			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Положени испити Анатомија, Морфологија и физиологија на клетка.			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	- Студентот ќе се стекне со знаење за функционалната и клинички апликативната анатомија на системите со кои ќе се сретне подоцна во секојдневната клиничка работа. - Ќе се запознае со клинички значајни варијации, кои би можеле значително да влијаат врз поставувањето на клиничка дијагноза и третман. - Исто така ќе се запознае со поврзаноста на комплексната клеточна градба на органите и органските системи и поврзаноста со нивната функција, ќе се стекне со критичко размислување за можноста на настанување на патолошките промени за време на ембриоланиот развој на органските системи, како настанатите нарушувања во градбата на органите ќе влијаат врз нивната понатамошна функција, како и функцијата на органскиот систем, што ќе допринесе за подобро разбирање на пато-физиологијата на болестите и можностите за нивен третман.			

12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Модул Анатомија**
		Семинари
		- Ангиологија: површинска анатомија и проекции
		- Глава и труп: Површинска анатомија и проекции
		- Клинички значајни анатомски варијации
		  - Локомоторен систем
		  - Респирторен систем
		  - Дигестивен систем
		  - Урогенитален систем
		  - Ендокрин систем
		Практична настава
		- Презентација на богата збирка на препарати на Институтот за анатомија за соодветните системи
		- Анализа на анатомските структури на кадавери, фиксирани препарати и пластинирани модели со цел да се овозможи препознавање на отстапувањата од нормалната анатомска градба и функција
		
		Модул Хистологија и ембриологија
		- Морфолошката градба на еукариотските клетки во релација со нивната функција во човековиот организам, можности за нарушувања на клеточно ниво
		- Функционална хистологија на органските системи во релација со			

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">вродени и стекнати нарушувања (кардиоваскуларен, имунолошки, дигестивен, локомоторен, репродуктивен, уринарен, ендокрин, респираторен, централен нервен систем, кожа, орган за вид, орган за слух)

Практична настава
- Анализа на микроскопски препарати од различни органски системи, во релација со различни случаи од клиничката пракса
- Анализа на ембриолошки препарати и модели, со презентација на случаи од клиничката пракса поврзани со настанување на вродени или стекнати аномалии</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">Поврзан со сите предмети од студиската програма</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">90 часа (60 +30)</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>11(5+6)</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>20 (15+5)</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>14 (10+4)</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење – задачи</td><td>45</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.

<table>
<tr><td colspan="2">Вид на активност</td><td>Анатомија</td><td>Хистологија и ембриологија</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td>Бодови</td><td>Бодови</td></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td colspan="2">1-2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td colspan="2">5-8</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td colspan="2">12-20</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td>26-42</td><td>16-28</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td colspan="2">60-100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="3">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит
<table>
<tr><td>19.1.</td><td>Континуирана проверка: бодови</td><td></td></tr>
<tr><td>19.2.</td><td>Тестови: бодови</td><td></td></tr>
<tr><td>19.3.</td><td>Семинари</td><td>12-20</td></tr>
</table></td></tr>
</table>

	19.4.	Завршен испит: бодови		26-42 за делот анатомија 16-28 за делот хистологија
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) F
			од 60 до 68 бода	6 (шест) E
			од 69 до 76 бода	7 (седум) D
			од 77 до 84 бода	8 (осум) C
			од 85 до 92 бода	9 (девет) B
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		

22. Литература

Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1	Susan Standring	Gray's Anatomy- The Anatomical Basis of Clinical Practice	41st. ed. Elsevier Churchill Livingstone, New York.	2019
2	Arthur F. Dalley II, Anne M. R. Agur	Moore's Clinically Oriented Anatomy	9th ed. Philadelphia, PA: Lippincott Williams and Wilkins.	2023
3	David H. Cormack	Clinically Integrated Histology	Lippincott-Raven Publishers, Philadelphia-New York, USA	1998
4	Keith L. Moore, T.V.N. Persaud, Mark G. Torchia	The developing human Clinically oriented embryology	12th ed. Elsevier Churchill Livingstone, New York.	2010

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Bhatnaga, K.,Kaye, G.	BRS Gross Anatomy	9th ed. Wolters Kluwer.	2020
2.	Michael H. Ross, Wojciech Pawlina	Histology, Text and atlas	Lippincott, Williams and Wilkins, USA	2006
3.		www.histologyguide.com		

Ред.број: 16

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**МЕДИЦИНСКА ПСИХОЛОГИЈА И СОЦИОЛОГИЈА**
2.	Код	ОМ26 215
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по

		општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за психијатрија и медицинска психологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Втора (II)	Семестар	Трет (III)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	5			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за психијатрија и медицинска психологија проф. д-р Славица Арсова Хаџии-Анѓелковска Одговорен наставник проф. д-р Ненси Манушева Наставата ја изведуваат сите наставници на катедрата по Психијатрија и медицинска психологија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Исполнети услови за запишување на студиската програма.			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Запознавање со оновите на медицинската психологија: цели, поими, психички процеси, структура и теории за развој на личноста, реакции на индивидуата на болест Развивање на комуникациски вештини и воспоставување контакт со болен Стекнување вештини и знаења за холистички пристап кон пациентот Запознавање со социјалните детерминантни на здравјето и значењето на здравје и болест во контекст на современото општество			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава** Биопсихосоцијален модел – холистички пристап кон здравјето Психолошка проценка во медицината Психолошки интервенции во медицината Когнитивни процеси – свест, осет, перцепција, внимание, учење, помнење, заборавање, мислење, интелигенција, говор и комуникација Афективни процеси – емоции и расположение, емоционална интелигенција Конативни процеси – волја, нагони Психички особини - темперамент, карактер Психички развој и структура на личноста – теории Социјални процеси -Теорија на психосоцијален расзвој (Ериксон) Ментално здравје и ментална болест Патопсихички реакции на соматски болни лица Психологија на болката Стрес, мобинг и механизми на одбрана Комуникација во медицинска психологија Траума и тагување Психолошки интервенции Психотерапија Социјални детерминанти на здравје и болест, насилство и здравје –			

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">фактори на ризик и заштита
Општествени промени и медицинска социологија

Пратична настава
- практична примена на стекнатите знаења и вештини низ вежби, работилници и семинари</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">Поврзан со сите предмети од студиската програма</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">150 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>40</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>10</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>25</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење – задачи</td><td>75</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит

<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Медицинска психологија и социологија</th></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>2-3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>5-7</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>5-10</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td>48-80</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>/</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table>
<table>
<tr><td>19.1.</td><td>Континуирана проверка: бодови</td><td>Континуирани проверки (колоквиуми)</td></tr>
<tr><td>19.2.</td><td>Тестови: бодови</td><td></td></tr>
<tr><td>19.3.</td><td>Семинари</td><td>Семинарите се дел од теоретската настава и ќе се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот, а ќе бидат задолжителни за студентите. Присуството и ангажираноста на</td></tr>
</table></td></tr>
</table>

				студентите во семинарите ќе се евидентира и бодира, а освоените бодови ќе влезат во крајната оценка за предметот.
	19.4.	Завршен испит: бодови		***Писмениот дел од завршниот испит** се состои од континуираните проверки кои студентот не ги положил во колоквиумските недели. ****Усниот и практичниот дел од завршниот испит опфаќаат**: Студентот е должен да освои минимум од предвидените бодови за секој дел од завршниот испит, посебно, за да можат да му бидат впишани бодовите за завршниот испит. Во спротивно, завршниот испит се смета за неположен.
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) F
			од 60 до 68 бода	6 (шест) E
			од 69 до 76 бода	7 (седум) D
			од 77 до 84 бода	8 (осум) C
			од 85 до 92 бода	9 (девет) B
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Наумовска А, и сор.	Медицнска психологија и социологија	Универзитет "Св. Кирил и Методиј“, Медицински Факултет	2025
		2.	Боневски Д, Наумовска А, Ралева М.	Практикум по медицинска психологија и социологија	Универзитет "Св. Кирил и Методиј“, Медицински Факултет	2021
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Чадловски Ѓ, и сор	Медицинска психологија	Просветно дело	2004
		2.				

Ред.број:17

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**ВОВЕД ВО ИМУНОЛОГИЈА**
2.	Код	ОМ26 221

3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за имунологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Втора (II)	Семестар	Трет (III)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за имунологија *Наставата ја изведуваат сите членови на катедрата			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Положен испит Морфологија и физиологија на клетка			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Запознавање на студентите со: - Основните приниципи во имунологијата. - Механизмите со кои имуниот систем разликува свое од туѓо - Имунолошките отстапувања - Обучување на студентите за изведување и толкување на - имунодијагностичките постапки во секојдневната пракса. - Оспособување да ги поврзат базичните имунолошки сознанија со избрани случаи кои подоцна ќе ги сретнат во клиничките дисциплини (анализа на случаи).			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава:** - Вовед во имуниот систем - Клетки, органи и микросредина на имуниот систем - Вроден имунитет - Систем на комплемент - Биологија на Б-лимфоцитите: Организација и прикажување имуноглобулински гени - Антигени, антитела и нивни интеракции - Биологија на Б-лимфоцитите: Б клеточно зреење, активација и диференцијација - Главен комплекс на ткивната совпадливост (ГКТС=MHC) и презентација на антигените - Цитокини - Биологија на Т-лимфоцитите: Т клеточен развој - Биологија на Т-лимфоцитите: Т клеточна активација, диференцијација и меморија - Активација и движење на бели клетки - Клеточно остварен имун одговор - Имуни дефицити: СИДА и други имуни недостатоци - Имуна толеранција - Автоимунитет			

		- Реакции на преосетливост тип 1, 2, 3 и 4 - Туморска имунологија - Имун одговор кон заразни заболувања и интестинален имун одговор - Трансплантациона имунологија - Вакцини - Екпериментални системи **Практична настава:** - Испитување на вродениот имун систем (фагоцитоза и протеини на акутна фаза) - Методи за испитување на клетките во имуниот систем - Методи за испитување на имуноглобулините - Методи за испитување на комплементот и цитокините - Методи кои се користат во трансплантационата имунологија - Методи за испитување на реакциите на преосетливост - Методи за испитување при состојба на автоимунитет - Анализа на случаи Семинари: - Биологија на Б лимфоцитите - Биологија на Т лимфоцитите - Клиничка имунологија (трансплантациона имунологија, реакции на преосетливост, автоимуни болести, примарни и секундарни имунонедостатоци, вакцини)		
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	90 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава. часови	20 часа
		16.2.	Семинари	4 часа
		16.3.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	21 час
		16.4.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	/
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење - задачи	45
18.	Услови за потпис	За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.		
19.	Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит			

Вид на активност	**Бодови**
Теоретска настава	0,5-1
Практична настава	10,5-17,5
Семинари	1-3,5
Континуирани	15-26

		проверки			
		Завршен испит	Писмен дел	12-20	
			Практичен дел	19-32	
		Вкупно		**60-100**	
	19.1.	Континуирана проверка: бодови		15-26	
	19.2.	Тестови: бодови		12-20	
	19.3.	Семинари		Семинарите се дел од теоретската настава и ќе се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот, а ќе бидат задолжителни за студентите. Присуството и ангажираноста на студентите во семинарите ќе се евидентира и бодира, а освоените бодови ќе влезат во крајната оценка за предметот.	
	19.4.	Завршен испит: бодови		19-32	
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) F	
			од 60 до 68 бода	6 (шест) E	
			од 69 до 76 бода	7 (седум) D	
			од 77 до 84 бода	8 (осум) C	
			од 85 до 92 бода	9 (девет) B	
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Kuby	Immunology (6то издание) преведено на македонски	Табернакул	2012
		2.	Спироски М и сор.	Имунолошки практикум	Институт за имунобиологија и хумана генетика: Медицински факултет Скопје	2010
		3.	Спироски М и сор.	Анализа на случаи од имунологијата	Институт за имунобиологија и хумана генетика: Медицински факултет Скопје	2010
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	Jenni Punt, Sharon Stranford, Patricia Jones, Judy Owen	Immunology Kuby 8 Edition	W. H. Freeman & Company	2018
		2.	Abul Abbas Andrew Lichtman Shiv Pillai	Basic Immunology 6th Edition	Elsevier	2019

Ред.број: 18

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ХИГИЕНА**			
2.	Код	ОМ26 222			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за хигиена			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Втора (II)	Семестар	Четврти (IV)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	5			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за проф. д-р Гордана Ристовска *наставата ја изведуваат сите членови на катедрата за хигиена			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Исполнети услови за запишување на 4. сем			
11.	Цели на предметната	Цели на предметната програма: - Да го разбере концептот за јавно здравје и основните детерминанти			

	програма (компетенции) и резултати од учењето:	на здравјето (ендогени и егзогени). - Да се запознае со значењето на хигиена и здравствена екологија и методите за проценка на ризик за унапредување на јавното здравје. - Да се запознае со здравствено-еколошките ризици, индкаторите на здравствената состојба на населението поврзани со тие ризици, како и превентивни мерки. - Да се запознае со глобалните јавноздравствени проблеми и активности за нивно намалување. - Да научи да идентификува вулнерабилни групи во општата популација за различни ризик фактори од животната средина.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава:** Основни концепти на јавно здравје, со посебен осврт на хигиена и здравствена екологија, методи на изучување на јавното здравје, методи за проценка на здравствените ризици; Детерминанти на здравјето: ендогени (наследни) и егзогени (физичка и социјална средина; Јавноздравствени аспекти на фактори од животната средина: загадување на воздухот, вода и санитација, бучава, јонизирачко и нејонизирачко зрачење, управување со отпад, домување, училишна средина; Хемикалии и новите предизвици за јавното здравје Климатски промени и здравје; Јавноздравствен одговор на итни и кризни состојби; Безбедна храна и болести поврзани со небезбедна храна, мерки за превенција; Фактори на ризик за незаразни болести и системски решенија:: исхрана, физичка активност, пушење, алкохол. Резултати од учење: ќе стекне знаење за да ги препознае јавноздравствените проблеми поврзани со животната средина, храната и исхраната, да дефинира ризици и да предложи мерки за намалување на ризиците поврзани со изложеност на биолошки, хемиски и физички опасности. **Семинари:** Глобални јавноздравствени проблеми: климатски промени, загадување на воздухот, урбанизација, итни и кризни состојби; Ризици поврзани со стилот на живеење: исхрана, физичка активност, пушење- анализа на состојбата на глобално и национално ниво; Идентификација на вулнерабилни групи во однос на различни ризик фактори од животната средина; Јавноздравствени мерки за намалување на преваленцијата на незаразните болести; Јавноздравствени мерки за намалување на преваленцијата на заразните болести; Анализа на програми за заштита на здравјето на вулнерабилни групи. Резултати од учење: ќе се запознае со национални и глобални јавноздравствени проблеми, поврзани со загадувањето на воздухот, климатските промени, стилот на живеење, со причините за нивното настанување, ќе изгради спосособност за носење одлуки за превентивни мерки за заштита на здравјето на одредни популациони групи или целото население. **Практична настава:** Загадување на воздухот и оптоварување со болести, мерки и активности за намалување на ризикот Климатски промени и здравје Здравствено-еколошки аспекти на водата за пиење и водите за капење

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">Бучава во животната средина и здравје
Јавноздравствени аспекти на јонизирачко и нејонизирачко зрачење
Јавноздравствени аспекти на управување со отпадот
Училишна средина и мерки за унапредување на здравјето
Безбедна храна и болести поврзани со небезбедна храна
Методи за утврдување на нутритивен статус и нутритивен внес
Резултати од учење: ќе стекне практични вештини за проценка на експозиција на различни опасности од животната средина, проценка на изложеност во училишната средина, проценка на дневен внес на одредени контаминенти преку храната и водата, ќе знае да одреди нутритивен стаус кај деца и возарсни лица.</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">Поврзан со сите предмети од студиската програма</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">150 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>25</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>25</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>25</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>75</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.

<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>0-5</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>5-10</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>10-15</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td>35-50</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td></td></tr>
<tr><td>Устен испит</td><td>10-20</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит</td></tr>
<tr><td></td><td>19.1.</td><td>Континуирана проверка: бодови</td><td colspan="2">прв писмен тест: здравствена екологија 25-35
втор писмен тест: хигиена на храна и исхрана 10-15 ИЛИ
Ц целосен писмен испит 35-50</td></tr>
<tr><td></td><td>19.2.</td><td>Тестови: бодови</td><td colspan="2">Семинарите се дел од теоретската</td></tr>
</table>

					настава и ќе се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот, а ќе бидат задолжителни за студентите. Присуството и ангажираноста на студентите во семинарите ќе се евидентира и бодира, бодовите ќе влезат во формирањето на крајната оценка. -15	
	19.3.	Семинари			Откако студентот ќе ги положи двата колоквиуми или целосен писмен испит може да пристапи на усен испит кога се формира крајната оценка . 10-20	
	19.4.	Завршен испит: бодови			прв писмен тест: здравствена екологија 25-35 втор писмен тест: хигиена на храна и исхрана 10-15 ИЛИ целосен писмен испит 35-50	
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)			до 59 бода	5 (пет) F	
				од 60 до 68 бода	6 (шест) E	
				од 69 до 76 бода	7 (седум) D	
				од 77 до 84 бода	8 (осум) C	
				од 85 до 92 бода	9 (девет) B	
				од 93 до 100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата			Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		
22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Кочубовски М, Ристовска Г, Димовска М, Спироски И.	Хигиена и здравствена екологија	Медицински факултет, УКИМ, Скопје	2025
		2.	Волас РБ и сор.	Јавно здравство и превентивна медицина.	Табернакул, Скопје	2010
		3.	Кочубовски М, Ристовска Г, Спироски И, Петрова	Практикум по хигиена и здравствена екологија	Медицински факултет, УКИМ, Скопје	2021

		4.	Ѓорѓев Д, Кендровски В, Ристовска Г, Димитровска З.	Хигиена на храна и исхрана	Медицински факултет УКИМ, Скопје	2008
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Schneider MJ & Schneider HS	Introduction to Public Health	Jones and Bartlett Learning LLC	2021
		2.	Rayner G & Lang T	Ecological Public Health. Reshaping the conditions for good health	Routledge London and New York	2014

Ред.број:19

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**МИКРОБИОЛОГИЈА СО ПАРАЗИТОЛОГИЈА**			
2.	Код	ОМ26 223			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за микробиологија со паразитологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Втора (II) и трета (III)	Семестар	Четврти (IV) и петти (V)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	10,5 (5+5,5)			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на Катедрата за микробиологија со паразитологија Вон проф д-р Маја Јурхар Павлова *Во наставата учествуваат сите членови на Катедрата по Микробиологија со паразитологија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни	Добиени кредити (положени испити) од Морфологија и физиологија			

	предуслови за слушање и полагање на предметот	на клетка и потпис од Основи на имунологија
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето	Цели на предметната програма (компетенции): Главната цел на предметната програма е по завршување на наставата и положување на испитот студентите/тките да имаат стекнато знаење за: - Морфологијата и физиологијата на различните видови микроорганизми - Распространетоста на микроорганизмите - Генетиката на микроорганизмите - Факторите на вируленција на микроорганизмите и патогенеза на инфекциите - Методите за испитување на морфолошките, физиолошките, биохемиските и имунолошките особини на микроорганизмите - Методите за испитување на осетливоста на микроорганизмите кон антимикробните средства - медицински значајните бактерии; - медицински значајните вируси; - медицински значајните габи; - медицински значајните паразити - Интрахоспитални инфекции - Рационалана употреба на хемиотерапевтици - Микробиолошки осврт на инфекциите по системи, на мултисистемски инфекции и на инфекциите кои се развиваат во болничка средина. - Следствено со етиологијата на инфекциите, пристап кон аналогна антимикробна терапија (рационална употреба на антибиотици, превенција на антимикробна резистенција), контрола и превенција на инфекциите. **Резултати од учењето:** Знаењето стекнато за време на изучувањето на микробиологијата му овозможува на докторот по медицина да: - ги препознае можните причинители на инфективните болести во рамките на нивните клинички манифестации - ја разбере важноста на нормалната микробиота; - ги познава основните карактеристики на микроорганизмите и патогенезата на болестите што ги предизвикуваат; - ги знае правилата во преаналитичката фаза на микробиолошкото испитување (избор, собирање, чување и транспорт на примерок, како и избор на микробиолошка метода) со цел поставување дијагноза на болеста; - биде запознаен со основните методи на аналитичката фаза во микробиолошката лабораторија; - ги знае принципите на дејство на антимикробните агенси и формите на резистенција на микроорганизмите кон нив; - правилно го интерпретира микробиолошкиот наод и ги толкува резултатите од чувствителноста на микроорганизмите на антимикробни лекови; - правилно и соодветно анализира мултисистемски инфекции и

		инфекции кои се развиваат во болничка средина при поставувањето на етиолошката дијагноза на инфекциите. - Рационално постапува при употреба на антибиотици со цел превенција на антимикробната резистенција. - ги разбере како штетните влијанија на патогените микроорганизми врз човековото здравје така и корисните ефекти на т.н. "добри микроорганизми". - применува мерки за контрола и превенција на инфективните болести.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Теоретска настава **Содржина на предметната програма** **Модул 1- Микробиологија и паразитологија -општ дел.** **Теоретска настава ИВ семестар летен (поглавија со 20 теоретски часа):** 1. Вовед во микробиологијата; историјат, таксономија на бактерии. Морфологија и структура на микроорганизмите**: Општи особини и градба на бактериите.** **Резултати од учење: Судентите ќе стекнат знаење детално да ја објаснат** морфологијата на бактериите: *структура и градба на ќелиските обвивки кај бактериите, карактеристиките на* цитоплазмата, јадрениот еквивалент, спорите, бактериските израстоци. 2. Физиологија на бактерии. **Резултати од учење:** Ќе стекнат знаење за бактериските ензими, исхраната, растење и размножување на бактериите и однос на бактериите кон молекуларен кислород. 3. Распространетост на микроорганизмите. **Резултати од учење:** Студентите ќе се запознаат со дистрибуцијата и присуството на микроорганизмите во различни области (макроорганизми и нежива средина), особености на природни и болнички екосистеми, како и нивните асоцијации. 4. Генетика на микроорганизмите. **Резултати од учење:** ќе стекнат знаење за геномот на микроорганизмите; генската експресија со последователна синтеза на функционален продукт и механизмите за регулација. 5. Морфологија, градба и размножување на вируси **Резултати од учење:** Ќе знаат да ги дефинираат и класифицираат вирусите и соодветните антивирусни средства 6. Морфологија, градба и размножување на габи и антимикотици. **Резултати од учење:** Ќе знаат да ги дефинираат и класифицираат габите и соодветните антимикотици. 7. Морфологија и градба на протозои и хелминти Антипротозоици и антихелминтици **Резултати од учење:** Ќе знаат да ги дефинираат и класифицираат протозоите и хелминтите како и соодветните антипротозоици и антихелминтици.

		8. Одбрана на домаќинот од патогените микроорганизми. Резултати од учење: Студентите ќе знаат да ги дефинираат и разликуваат антигените на микроорганизмите и нивната улога во дијагностички, профилактички, терапевтски цели согласно активацијата на имунолошката одбраната на домаќинот (вродена, стекната). Ќе ја разберат улогата на микроорганизмите во реакциите на преосетливост како и автоимуните реакции. Ќе ги научат механизмите со кои микроорганизмите ја избегнуваат имуната одбрана. 9. Дејство на физички агенси и хемиски агенси врз микроорганизмите. Резултати од учење: Студентите ќе ги научат видот, принципите и соодветната употреба на стерилизацијата и дезинфекцијата. 10. Антибиотици и хемиотерапевтици. Механизам на делување Резултати од учење: Студентот ќе ги знае групите на антибиотици и хемиотерапевтици, нивниот механизам на делување и антимикробен спектар. **Семинари ИВ семестар (20 часа)** 1. Патогеност и вируленција на микроорганизмите. Патогенеза на инфекциите и видови на инфекции. Резултати од учење: студентите ќе го разберат степенот на патогеноста на микроорганизмите, улогата на биофилмот во инфекциите и развојот на болеста. 2. Пренос на генетски материјал Резултати од учење: Ќе ги знаат механизмите на генетски пренос (трансформација, коњугација, трансдукција), генотипските варијации (мутации) и модификации. 3. Нормална микрофлора, мокробиота. Резултати од учење: ќе го разберат значајот и улогата на нормалната микрофлора во здравјето и болеста. 4. Несакани ефекти на антибиотици, хемиотерапевтици. Резултати од учење: ќе ги знаат механизмите на резистенција на бактериите кон антибиотиците и хемиотерапевтици. Ќе ја разбере важноста на рационалналната употреба на антибиотици и хемиотерапевтици не само за човекот туку и во пристапот “едно здравје”. 5. Основи на интрахоспиталните инфекции. Резултати од учење: Ќе ги научат причините и последиците на интрахоспиталните инекции. Најчестите микроорганизми во болничка средина, ризик факторите, значај, контрола и превенција. Ќе научат кои се критичните зони, инструменти, ризична популација, начин на пренос. Ќе го разберат значајот на континуираната контрола на интрахоспиталните инфекции, хигиената на рацете и болничката средина. 6. Организација и функција на микробиолошка лабораторија - биохазард Резултати од учење: студентите ќе ја разберат важноста на соодветен просторен распоред на микробиолошката лабораторија за непречено и безбедно функционирање. Ќе ги научат можните ризици при работа во микробиолошката

	(компетенции) и резултати од учењето:	медицинската пракса. Потребните цели и исходи од учењето на предметот фармакологија со кои се стекнуваат студентите се следниве: • Да ги дефинираат и објаснат основните фармаколошки поими како интеракција помеѓу лек и рецептор, типови на рецептори и однос меѓу доза и одговор. • Да ги опишат основните принципи на фармакокинетиката, вклучувајќи апсорпција, дистрибуција, метаболизам и елиминација на лекови на јасен и прецизен начин во писмена и усна форма. • Да интерпретираат основни лабораториски експерименти поврзани со дејството и метаболизмот на лекови. • Да интерпретираат експериментални податоци за проценка на фармакодинамските и фармакокинетските резултати. • Да ги објаснат механизмите на дејство и терапевтската употреба на главните класи на лекови. • Да ги идентификуваат потенцијалните несакани ефекти на често употребувани лекови. • Да го применат стекнатото знаење и да можат да ги предвидат терапевтските и несаканите ефекти на лековите во едноставни клинички сценарија. • Критички да анализираат фармаколошки информации од учебници и научна литература. **Основни компетенции:** • Когнитивни вештини: Способност за анализа, синтеза и примена на фармаколошкото знаење во клиничката пракса. • Практични вештини: Способност за лабораториски техники, протоколи за апликација на лекови, начини на препишување на лековите, стекнување на знаења за доза на лек, видови на дози, изразување на дозите и режимот на дозирање на лековите. • Комуникациски вештини: Способност за ефективна комуникација на информации поврзани со лекови со колеги, пациенти и здравствен тим. • Етичко и професионално однесување: Посветеност на безбедноста на пациентите, доверливоста и етичкото препишување. • Континуирано учење: Способност за континуирано надградување на фармаколошките знаења и интегрирање на нови терапии засновани на докази.

12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава** **Предавања во V и VI семестар:** *Општа фармакологија* - Вовед во фармакологијата. - Механизам на дејство на лековите: дејство на рецептори, ензими, јонски канали, транспортни молекули. - Фармакодинамија - агонисти и антагонисти; - јачина на дејство на лекот и ефикасност; - тераписки индекс и тераписка ширина;

		- Фармакокинетика - апсорбција; - дистрибуција, - метаболизам (биотрансформација) - елиминација - Начини на администрација на лекови - Поим за доза на лек и видови на дози - Пресметување на доза на лек - Дозирање на лекови и режим на дозирање на лекови - Интеракции на лекови и други форми на интеракции - Безбедност на лекови - Безбедносни мерки за чување, ракување и употреба на лекови; - Несакани дејства на лекови; - Класификација на несакани дејства на лекови; - Препознавање на несакани дејства на лекови; - Превенција и третман н несакани дејства на лекови; - Зависност од лекови и од други супстанции *Специјална фармакологија* - Лекови кои делуваат на автономен нервен систем - Лекови кои делуваат на централен нервен систем - Лекови кои делуваат на кардиоваскуларниот систем - Лекови кои делуваат на ендокриниот систем - Хемостаза, тромбоза и хематопоетски систем - Лекови за нарушувања на респираторниот систем - Лекови за дерматолошки заболувања - Гастроинтестинални и антиеметични лекови - Лекови за заболувања на уринарен тракт - Антимикробни лекови - Основни принципи на хемотерапија на малигни болести - Имунофармакологија **Практична настава во V семестар:** Практична работа со студентите усогласена со методските единици од теоретската настава. - Лек, поделба на лекови, фармакопеја и начини на администрација на лекови - Препишување на лекови, рецепт и делови на рецепт - Дози и дозирање на лекови- изразување на дози на лекови; општи принципи за пресметување на дози на лекови; - Проценка и толкување на односот доза-одговор, биоесеј, видови биолошки одговор, ефикасност на лек, јачина на дејство, тераписки индекс. - Изучување на перорални цврсти фармацевтски дозирани форми: таблети и варијации на таблети, капсули, прашоци; - Изучување на перорални течни фармацевтски дозирани форми: раствори, суспензии, емулзии, сирупи, екстракти, тинктури - Изучување на полуцврсти фармацевтски дозирани форми: масти и пасти; дермални и трансдермални препарати. - Изучување на парентерални фармацевтски дозирани форми: раствори, суспензии, емулзии за инјектирање и инфундирање; - Фармацевтски дозирани форми за инхлација; - Фармацевтски дозирани форми за ректална апликација и фармацевтски дозирани форми за вагинална апликација.

		- Препарати за око, уво и нос; - Претклинички модели за испитување на лекови, апликација на лекови кај експериментални животни. **Семинари во V семестар:** - Компјутерска симулација и интерактивно учење преку решавање на проблеми од областа на фармакокинетиката - Компјутерска симулација и интерактивно учење преку решавање на проблеми од областа на фармакодинамијата - Компјутерска симулација и пресметка на однос на доза и ефект нас лекот, антагонизам и синергизам и т.н. **Семинари во VI семестар:** - Третман на акутна и хронична болка - Третман на алергиски реакции, анафилактичен шок - Природни начини на лекување. - Хербални лекови, ефикасност и безбедносни аспекти поврзани со нивна употреба - Препишување на лекови од одредени фармакодинамски групи и подгрупи според АТС класификацијата на лекови: ▪ Препишување на антимикробни лекови- инхибитори на синтеза на клеточен sид (пр. пеницилини, цефалоспорини, ванкомицин) ▪ Препишување на антимикробни лекови- инхибитори на синтеза на протеини (пр. аминогликозиди, макролиди, хлорамфеникол) ▪ Препишување на антимикробни лекови- инхибитори на синтеза на нуклеински киселини (пр. кинолони) и др. антимикробнилекови (пр. сулфонамиди...) ▪ Препишување на лекови за терапија на есенцијална хипертензија ▪ Препишување на лекови за терапија на срцева слабост ▪ Препишување на лекови за терапија на коронарна болест ▪ Препишување на лекови за терапија на бронхијална астма; ▪ Препишување на лекови за терапија на дијабетес мелитус ▪ Препишување на лекови за терапија на улкусна болест ▪ Препишување на лекови за терапија на ансиозност и несоница ▪ Препишување на лекови за терапија на депресија		
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма. Положен испит по Фармалокогија е услов за полагање на Интерна медицина		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	240 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава. часови	50
		16.2.	Семинари	40
		16.3.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	30

		16.4.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	/
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење - задачи	120
18.	Услови за потпис	За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посетата и активностите на теоретска настава, семинарите и практична настава.		

19. Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит

Вид на активност		**Бодови**
Теоретска настава		1.2 -2
Практична настава		1.8 -3
Семинари		12-20
Континуирани проверки		12-20
Завршен испит	Усмен дел	27-45
	Практичен дел	6-10
Вкупно		**60-100**

19.1.	Континуирана проверка: бодови	2 писмени теста Прв тест: општа фармакологија (мин. 12 - макс. 20 бода) Втор тест: специјална фармакологија (квалификационен тест со исход „положил/не положил”)
19.2.	Тестови: бодови	
19.3.	Семинари	Семинарите се дел од теоретската настава и ќе се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот, а ќе бидат задолжителни за студентите. Присуството и ангажираноста на студентите во семинарите ќе се евидентира и бодира, а освоените бодови ќе влезат во крајната оценка за предметот. 12-20 бодови
19.4.	Завршен испит: бодови	мин.-макс. Усмен дел* бодови 28 - 40 Практичен дел** бодови 6 - 10 ***Усмен дел (интегративен)-** 4 прашања врз основа на кои се

				проценува интегративното знаење од областа на фармакологијата, кое е значајно за разбирање на целината на предметот. ****Практичен дел (според каталог на вештини):** Тест од делот фармакографија и фармацевтски дозирани форми. Студентот е должен да освои минимум од предвидените бодови за секој дел од испитот посебно за да можат да му бидат впишани бодовите за завршен испит. Во спротивно, испитот се смета за неположен.
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) F
			од 60 до 68 бода	6 (шест) E
			од 69 до 76 бода	7 (седум) D
			од 77 до 84 бода	8 (осум) C
			од 85 до 92 бода	9 (девет) B
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Ранг и Дејл	Фармакологија (одбрани поглавја);	Академски печат	2013
		2.	Катедра за фармакологија	Авторизирани предавања		2025
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Bertram G. Katzung, Susan B. Masters, Anthony J. Trevor (urednici)	Temeljna i klinička farmakologija, Prijevod 14. izdanja na hrvatski jezik	Medicinska naklada, Zagreb	2020

Ред.број: 24

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**КЛИНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ ВО ИНТЕРНА МЕДИЦИНА**
2.	Код	ОМ26 314

3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за интерна медицина			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета (III)	Семестар	Петти (V)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорен наставник Проф. д-р Бети Тодоровска *учествуваат наставници од Катедрата за интерна медицина			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	За слушање на предметот треба да биде заверен 4. семестар. За да пристапи на испит студентот треба да има положено Анатомија, Анатомија на глава и врат и Физиологија			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Цели на предметната програма** Студентите преку овој предмет стекнуваат способности за: - Вклучување во секојдневната работа на одделите за интерна медицина - Развивање на клинички вештини преку практична работа со пациенти - Следење и анализа на дијагностички и лабораториски податоци - Учество во планирање на третман и клинички одлуки - Развивање на комуникациски и професионални способности во реална средина **Компетенции што ги развива студентот** - Применува клинички вештини во реална средина - Интерпретира дијагностички и лабораториски податоци - Пишува клиничка документација - Учествува во планирање на третман - Соработува во интердисциплинарен тим - Демонстрира професионално однесување - Донесува одлуки во согласност со етиката и медицина базирана на докази - Ги препознава сопствените ограничувања и одговорно бара совет и помош			
12.	Детална содржина на предметот по	**Теоретска настава** **(општ дел-3 часа)** - Техники на земање анамнеза и клинички преглед			

	поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	- Медицинска историја и составни делови (медицинска историја, декурзус на болеста, терапевтска листа, епикриза - Општа статус и статус на глава и врат - Преглед по системи, со опис на карактеристични симптоми и знаци, параклинички испитувања и нивна интерпретација - Кардиоваскуларен систем (7 часа) - Респираторен систем (7 часа) - Ендокрин систем (5 часа) - Урогенитален систем (5 часа) - Дигестивен систем (7 часа) - Хематопоетски-крвен систем (5 часа) - Мускулно-скелетен систем (5 часа) - Клиничка токсикологија (3 часа) **Практична настава**: **Вежби (секоја вежба е x 3 часа)** - општа вежба (3 часа) - Кардиоваскуларен систем (6 часа) - Респираторен систем (6 часа) - Ендокрин систем (6 часа) - Урогенитален систем (6 часа) - Дигестивен систем (6 часа) - Хематопоетски-крвен систем (6 часа) - Мускулно-скелетен систем (6 часа) - Клиничка токсикологија (3 часа) Студентот ќе се здобие со вештина за совладување на техниките и методите на земање медицинска историја, клинички преглед на болен, диференцијално-дијагностичко размислување, проценка на потреба од и интерпретација на резултатите од параклиничките испитувања.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	- Интерактивни предавања - 47 часа - Клинички вежби – 48 часа - Студии на случај преку работа во тимови, со пишување дневник за случајот - Рефлексивни дневници и самопроценка		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа, распоредени во 47 часа интерактивни теоретски предавања, 48 часа вежби, самостојни задачи организирани како студии на случаи кои ќе се работат во тимови (8 студии на случај од секоја област по 5 часа), активност која е задолжителна, и се оценува (вредноста на поените е внесена во делот континуирани проверки, за секоја проектна задача по 1-2 поени.)		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава. часови	48 часа
		16.2.	Семинар	/
		16.3.	Вежби	48 часа
		16.4.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	40 часа
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење	44 часа
18.	Услови за потпис	За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска, практична настава и семинари.		
19.	Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и			

завршниот испит

Вид на активност		Бодови
Теоретска настава		1-3
Практична настава		4-6
Семинари		/
Континуирани проверки		8-16
Завршен испит	Писмен дел	10-15
	Практичен дел	19-30
	Устен дел	19-30
Вкупно		60-100

19.1.	Континуирана проверка: бодови	8-16
19.2.	Тестови: бодови	
19.3.	Семинар	
19.4.	Завршен испит: бодови	48-75

20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) F
		од 60 до 68 бода	6 (шест) E
		од 69 до 76 бода	7 (седум) D
		од 77 до 84 бода	8 (осум) C
		од 85 до 92 бода	9 (девет) B
		од 93 до 100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Марија Вавлукис (уредник), со коавтори	Клиничко испитување	Медицински факултет	2024

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1	Георгиевска Исмаил Љ, Попоска Л, Трајков И, Ѓоргов Н.	Електрокардиографија Скопје	(COIBSS. MK-ID71834122):	2008
2.	Валаш Ж.	Интерпретација на дијагностичките тестови	Академски печат, 8 издание Скопје	2013
3.	Бекли ЛС, Шилаги ПГ.	Бејтсов прирачник за клинички прегледи и земање историја,	Академски печат, 10 издание, Скопје	2012
4.	Авторизирани предавања			

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**КЛИНИЧКА БИОХЕМИЈА**			
2.	Код	ОМ26 315			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за Биохемија и Клиничка биохемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета (III)	Семестар	Петти (V)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	1,5			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за Биохемија и Клиничка биохемија Вонреден проф. д-р Ирена Костовска *наставата ја изведуваат сите членови на катедрата			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Положен испит по предметот Медицинска Биохемија			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Да ги разбира и да ги примени добиените резултати од биохемиско-лабораториските испитувања во дијагноза на разни заболувања, следење на ефект од дадената терапија и прогноза на соодветното заболување. Да знае да толкува приказ на случај со дадени лабораториски наоди и да постави дијагноза врз основа на биохемиско-лабораториските резултати.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава:** **1. Лабораториска медицина – медицинска биохемија или клиничка биохемија** Резултати од учење: Ќе знаат детално за лабораториска медицина базирана на докази (Evidence base laboratory medicine), Поврзаност клинички/матичен лекар – лабораторија – клинички/матичен лекар, транспорт на биолошки материјал, фактори кои влијаат на резултатите од тестот, преданалитички фактори, биолошки, непроменливи (ендогени) фактори, променливи биолошки (физиолошки) фактори пред земање на биолошкиот материјал, , променливи биолошки (физиолошки) фактори поврзани со процесот на земање крв **2. Основни принципи на сува хемија** Резултати од учење: Студентите ќе знаат дефиниција и значење на сувата хемија, историски развој и современи трендови, поим и значење на POCT (Point-of-Care Testing), предности и ограничувања на POCT и сувата хемија. Принцип на работа на методите на сува хемија (тест ленти, сензори, микрофлуидика), хемиски реакции во сува фаза (ензимски, индикаторски, имунолошки реакции),			

		фотометриски и рефлектометриски детекциски системи, биосензори и современи технологии. Типови на POCT системи: глукометри (мониторинг на гликемија), анализатори за гасови во крвта и електролити, кардијални маркери (тропонин, CK-MB, NT-proBNP), ацидо-базна рамнотежа, хематолошки POCT системи (Hb, Hct), инфективни маркери (HIV, HCV, SARS-CoV-2), уринарни тестови (протеинурија, кетонурија, инфекции), бременост (hCG тестови). Интерна и екстерна контрола на квалитет. Биолошки варијации и ограничувања во интерпретација. Преданалитички фактори (материјал, транспорт, складирање). Аналитички фактори (точност, прецизност, линеарност, интерференции). Постаналитички фактори и клиничка интерпретација. Клиничка примена: ургентна медицина и интензивна нега, ургентна дијагностика (инфаркт, шок, хипогликемија), хроничен мониторинг (дијабетес, бубрежни заболувања), POCT во примарна здравствена заштита, POCT во домашни услови и самоконтрола. **3. Плазма протеини и нивната улога во дијагноза на разни заболувања** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за клиничко-дијагностичкото значење на плазма протеините: преалбумин, протеин кој врзува ретинол, албумин, алфа-1-глобулин, алфа-фетопротеин, алфа-1-антитрипсин, алфа-2-макроглобулин, хаптоглобин, церулоплазмин, трансферин, бета-2-микроглобулин, гама-глобулини, С-реактивен протеин, феритин, фибриноген, тропонин, комплемент систем. **4. Лабораториска дијагноза на жолтица (иктерус)** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за типови жолтица: хемолитичка, хепатоцелуларна и опструктивна, наследни нарушувања во метаболизмот на билирубинот, како и дијагностичкото значење на одредени биохемиски маркери при различните типови жолтица. **5. Клиничко- лабораториско значење на ензимите во серум** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за дијагностичката важност на ензимите при определени заболувања, какои поважните ензими кои се употребуваат во дијагностички цели во клиничката пракса:ензими индикатори за оштетување на црниот дроб: AST, ALT, GGT, GLDH; ензими маркери за холестаза ALP; ензими кои се употребуваат во дијагноза на миокардијален инфаркт: AST, CK-MB, LDH, GPBB, желатиназа; ензими – маркери при дијагноза на заболувања на панкреас: алфа-амилаза и липаза; ензими маркери при бубрежни заболувања – β-NAG. **6. Клиничко-биохемиско значење на електролитите** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење улогата на електролитите во нормалното функционирање на човечкиот организам како и нарушувања во метаболизмот на: натриум, калиум, хлориди и бикарбонати и нивно лабораториско определување и дијагностичко значење при одредени заболувања. **7. Клиничко значење на елементи во траги** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за значењето на елементите во траги присутни во човечкио организам, метаболизмот на железо, дијагностичкото значење на биохемиските маркери при нарушувања во хомеостазата на железото: серумско железо, трансферин, феритин. **8. Клиничко-биохемиска дијагностика на бубрежните заболувања** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за нормалната

		функција на бубрезите и процесот на формирање урина, лабораториските тестови за испитување на буврежната функција: испитување на гломеруларната функција: креатинин во серум, креатинин клиренс, уреа, цистатин С, инулин клиренс, протеинурија; лабораториските тестови за испитување на тубуларната функција: одредување на осмолалност на плазма и урина, pH на урина и тест на оптоварување со киселини, бета-2-макроглобулин, алфа-1-микроглобулин, β-NAG, гликозурија, аминоацидурја. Студентите ќе се стекнт со знаење за специфични тубуларни дефекти и анализа на составот на бубрежните камчиња во дијагностички цели, како и анализа на уринатa вклучувајќи микроскопски преглед на седимент на урина. **9. Лабораториска дијагностика на шеќерна болест** Резултати од учење: Студентите ќе стекнт знаење за дефиниција за шеќерна болест, хомеостаза на глукоза, инсулин – градба и улиога во организмот, класификација на шеќерната болест, клиничките и лабораториските знаци на шеќерна болест. Студентите ќе се стекнт со знаење за лабораториските тестови кои се користат при дијагностицирање на шеќерната болест: определување глукоза во примерок крв, орален глукоза толеранс тест (ОГТТ). Студентите ќе се стекнт со знаење за лабораториски тестови за мониторирање на шеќерна болест: гликозилиран хемоглобин (HbA1c), гликозилиран албумин или фруктозамин тест, гликозурија, определување на концентрација на инсулин, проинсулин во крв и С-пептид, продукти на подоцнежната гликозилација - advanced glycation end-products - AGE-структури, микроалбуминурија, тест за автоантитела, одредување на инсулинска резистенција, кетонски тела. Студентите ќе се стекнт со знаење за акутните и хроничните компликации кај пациентите со шеќерна болест и значењето на биохемиско-лабораториските тестови за нивно дијагностицирање. **10. Специфични клиничко-биохемиски испитувања – липиди, липопротеини и атеросклероза** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за плазма липидите и нивниот метаболизам, липопротеините и факторите кои влијаат на концентрацијата на LDL и HDL-холестролот во плазмата, структуратата и синтезата на липопротеин(а), нарушувања на метаболизмот на липидите – дислипопротеинемии и нивна класификација како и лабораториските тестови за поставување дијагноза при одредени типови хиперлипопротеинемии. Студентите ќе се стекнт со знаење за клиничките манифестации на хиперлипидемии и хиперлипопротеинемии пред се нивната улога во развојот на атеросклерозата. **11. Специфични клиничко-биохемиски испитувања – тумор маркери** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за тумор маркери, нивна дефиниција, класификација, методи за нивно определување, дијагностичката вредност на тумор маркерите (сензитивност и специфичност), и најзначајните тумор маркери кои се определуваат во рутинската лабораториска пракса: PSA, PAP, CA-125, CEA, AFP, β-HCG, CA 19-9, CA 72-4, CA 15-3, CIFRA 21-2, CA 50, NSE, LDH, S100B протеин, тиреоглобулин, калцитонин, ткивен полипептиден антиген, катепсин Д, парапротеини, SCC, бета-2-микроглобулин, феритин, парапротеини, естрогенски и прогестеронски рецептори. **12. Неонатален скрининг** Резултати од учење: Студентите ќе се стекнт со знаење за процес на

		тестирање на новороденчиња за присуство на генетски, ендокрини, метаболички и хематолошки болести кои може да се лекуваат – неонатален скрининг, категоризација на болести според Интернационалната асоцијација за неонатален скрининг, критериуми за вклучување на одредено заболување во неонатален скрининг, спроведување на неонатален скрининг и болести кои најчесто се вклучени во ННС: конгенитална хипотиероза, фенилкетонурија, адреногенитален синдром (AGS), конгенитална адренална хиперплазија, цистична фиброза (CF), галактоземија, лабораториските тестови кои се користат при дијагноза во неонаталниот скрининг, како и методите кои се употребуваат во неонаталниот скрининг: Guthri-ев тест, тандем масен спектрометар (MS/MS), тест на потење: одредување на NaCl во потта кај цистична фиброза. **Практична настава:** **1. Запознавање со основните на преданалитичката фаза во биохемиско-лабораториските испитувања.** Студентите да се запознаат со значењето на преданалитичката фаза во лабораториската дијагностика. Да се идентификуваат најчестите извори на грешки во оваа фаза. Да се совладаат правилата за подготовка на пациентот и земање на биолошки материјали. Да се стекнат практични вештини за работа со примероци (крв, урина, други биолошки течности). Правила за земање венска крв: Избор на вена, вид на игла, систем за земање (вакуумски, шприц). Редослед на епрувети според адитиви. Правилно мешање, идентификација и означување на примерок. Примери на преданалитички грешки: хемолиза, липемија, хипербилирубинемија, коагулиран примерок, недоволен волумен, погрешна етикета. Транспорт и чување на примероци. **2. Запознавање со основните на аналитичката и постаналитичката фаза во биохемиско-лабораториските испитувања.** Студентите да стекнат познавања за аналитичката и постаналитичката фаза на лабораториските испитувања. Да разберат кои се изворите на грешки во овие фази и како да се минимизираат. Да усвојат практични вештини за работа со биохемиски анализатори и интерпретација на добиените резултати. Да препознаваат критични вредности и правилно известување. Аналитичка фаза: работа со автоматизирани биохемиски анализатори, калибрација и контрола на квалитет (QC); внатрешна и надворешна контрола на квалитет; валидација на методи; можни аналитички грешки (интерференции, инструментални дефекти, човечки фактор). Постаналитичка фаза: верификација на резултатите, референтни интервали и критични вредности; презентација на резултати во лабораториски информациски систем (ЛИС); комуникација со клиничкиот лекар; архивирање и чување на резултати. **3. Изработка на семинарски труд по зададени наслови (теми) и презентација на истиот**
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзан со сите предмети од студиската програма
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивни предавања, вежби, реализирање семинари со претходно зададени теми.
15.	Вкупен расположив	45 часа

<table>
<tr><td></td><td>фонд на време</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>15</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>/</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>9</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>21</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит
<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>1-3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>11-17</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>/</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td>48-80</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>/</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td></td><td>19.1.</td><td colspan="2">Континуирана проверка: бодови</td><td>/</td></tr>
<tr><td></td><td>19.2.</td><td colspan="2">Тестови: бодови</td><td>48-80</td></tr>
<tr><td></td><td>19.3.</td><td colspan="2">Семинари</td><td>Семинарите се дел од теоретската настава и ќе се одржуваат во термини и со содржини објавени со распоредот на почетокот на семестарот, а ќе бидат задолжителни за студентите. Присуството и ангажираноста на студентите во семинарите ќе се евидентира и бодира, а освоените бодови ќе влезат во крајната оценка за предметот.</td></tr>
<tr><td></td><td>19.4.</td><td colspan="2">Завршен испит: бодови</td><td>48-80</td></tr>
<tr><td rowspan="6">20.</td><td rowspan="6" colspan="2">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 59 бода</td><td>5 (пет) F</td></tr>
<tr><td>од 60 до 68 бода</td><td>6 (шест) E</td></tr>
<tr><td>од 69 до 76 бода</td><td>7 (седум) D</td></tr>
<tr><td>од 77 до 84 бода</td><td>8 (осум) C</td></tr>
<tr><td>од 85 до 92 бода</td><td>9 (девет) B</td></tr>
<tr><td>од 93 до 100 бода</td><td>10 (десет) A</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.</td></tr>
<tr><td>22.</td><td colspan="4">Литература</td></tr>
</table>

	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Катерина Тошеска Трајковска, Даница Лабудовиќ, Јасна Богданска, Соња Топузовска, Светлана Цековска, Ирена Костовска, Јулијана Брезовска	Учебник Клиничка Биохемија – за студенти по оопшта медицина, специјализантии докторанди	УКИМ, Медицински факултет, Скопје	2024
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Eva Ďurovcová and Mária Mareková	CLINICAL BIOCHEMISTRY	Pavol Jozef Šafárik University in Košice Faculty of Medicine	2020
		2.	Alan Gaw et al.	Clinical Biochemistry: An Illustrated Colour Text	Elsevier	2013
		3.	Vladimír Bartoš et al.	Clinical Biochemistry	Charles University Karolinum Press	2016

Ред.број:26

Прилог бр. 3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**РАДИОЛОГИЈА**			
2.	Код	ОМ26 321			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за радиологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета (III)	Семестар	Шести (VI)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за радиологија			

9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	За слушање: Положени предмети : Анатомија и Физиологија
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е да ги запознае студентите со основните принципи на радиологијата вклучувајќи ги физичките основи на различните методи на преглед, нивните индикации, контраиндикации и ризици, како и на терапевтскиот дел од радиологијата вклучувајќи ги сите ендоваскуларни и неваскуларни интервентни процедури. По завршување на , студентот треба да биде компетентен да: - Разбира како функционираат различните модалитети за дијагностика (РТГ, КТ, МРИ, УЗ, методи на нуклеарна медицина). - Препознава нормална анатомска структура на дијагностички прегледи. - Идентификува основни и животозагрозувачки патолошки состојби на најчесто користените радиолошки модалитети. - Донесува одлука за соодветен избор на дијагностичка метода во согласност со клиничката слика и принципите на заштита од зрачење. - Ја разбира улогата на радиологот во современиот дијагностички и терапевтски процес.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	БЛОК 1: ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ И МОДАЛИТЕТИ 1. Вовед во Радиологија: Историја и основи на радиологијата. 2. РТГ-физика и радијациона заштита: Физички основи и стварање на Х-зраци. Ефекти од јонизирачко зрачење. Принцип ALARA. 3. Принципи на Компјутеризирана томографија (КТ), Магнетна резонанца (МРИ) и Ултразвук (УЗ): Технологија на КТ, HU скала. Физика на МРИ, Т1/Т2 секвенци. Физика на УЗ, ехогеност. Примена на Доплер техники. 4. Контрастни средства и радиолошка информатика: Видови контрасти (јодни, гадолиниумски), индикации, ризици (CIN, NSF). Основи на PACS/RIS. БЛОК 2: РАДИОЛОГИЈА НА ГРАДЕН КОШ 5. РТГ на граден кош I: Техника, систематски пристап, нормална анатомија. 6. РТГ на граден кош II (Патологија на паренхим): Радиолошки знаци (консолидација, ателектаза, нодули, маси). 7. РТГ на граден кош III (Плевра, медијастинум, срце): Плеврален излив, пневмоторакс. Проширување на медијастинум. Срцева слабост. 8. КТ на граден кош: Индикации. Пулмонална емболија (CTPA), Состојби на аорта, Стејџинг на белодробен карцином,

		Интерстициски болести (HRCT). БЛОК 3: РАДИОЛОГИЈА НА АБДОМЕН 9. Акутен абдомен: Нативна РТГ (илеус, перфорација). Улога на УЗ и КТ. 10. Абдоминален ултразвук: Дијагностика на болести на хепар, жолчно ќесе, билијарен тракт, панкреас и слезина. 11. КТ на абдомен (Паренхимни органи): Траума. Дијагностика и стејџинг на тумори на хепар, панкреас, слезина. 12. КТ/МРИ на гастроинтестинален тракт: Дијагностика на шупливи органи (инфламаторни болести, тумори). 13. КТ на абдомен (Ретроперитонеум и васкуларна радиологија): Аневризми, дисекции, васкуларни оклузии. БЛОК 4: УРОГЕНИТАЛНА И ГИНЕКОЛОШКА РАДИОЛОГИЈА (3 предавања) 14. Урорадиологија I: Дијагностика на бубрези и уретери (УЗ, КТ). Уролитијаза, опструкција, цистични и солидни тумори. 15. Урорадиологија II: Дијагностика на мочен меур, простата (mpMRI) и машки генитален тракт (УЗ на тестиси). 16. Гинеколошка радиологија: Ултразвук и МРИ во дијагностика на бенигни и малигни заболувања на матка и овариуми. БЛОК 5: РАДИОЛОГИЈА НА ДОЈКА 17. Радиологија на дојка: Мамографија, ултразвук, МРИ. Скрининг и дијагностика. BI-RADS класификација. БЛОК 6: НЕВРОРАДИОЛОГИЈА 18. Неврорадиологија (Траума): КТ кај трауматски повреди на мозок (епидурален, субдурален хематом, контузии). 19. Неврорадиологија (Хеморагичен и исхемичен мозочен удар): КТ и МРИ протоколи. Ран знак на исхемија. Дијагностика на интрацеребрална и субарахноидална хеморагија. КТ/МР ангиографија. 20. Тумори на ЦНС: Бениги и малигни тумори 21. Радиологија на ‘рбетен столб: МРИ кај траума, дегенеративни заболувања (дискус херниј) и тумори. БЛОК 7: МУСКУЛНО-СКЕЛЕТНА РАДИОЛОГИЈА 22. МСК радиологија (Траума): РТГ дијагностика на фрактури (горни и долни екстремитети) и луксации. 23. МСК радиологија (Нетрауматски состојби): Радиолошки знаци на артритис. Бенигни и малигни коскени тумори. МРИ на меки ткива. БЛОК 8: ПЕДИЈАТРИСКА РАДИОЛОГИЈА 24. Основи на педијатриска радиологија: Специфичности, радијациона заштита, РТГ на граден кош кај деца.

		25. Педијатриска радиологија (Абдомен и МСК): УЗ на абдомен, УЗ на колкови, најчести фрактури кај деца. БЛОК 9: ОСНОВИ НА ИНТЕРВЕНТНА РАДИОЛОГИЈА 26. Вовед во интервентна радиологија: Принципи, пристап, материјали. Основи на васкуларни интервенции (ангиографија, ПТА, стентирање). 27. Неваскуларни и онколошки интервенции: Перкутани биопсии, ПРТ, дренажи (ПЦН, ПТЦ). Основи на онко-интервенции (TACE, аблации). II. СЕМИНАР Семинар: Интервентна радиологија Час 1: Васкуларна интервентна радиологија (Периферна): ○ Принципи, пристап и материјали (катетри, жици, балони, стентови). ○ Дијагностичка ангиографија. ○ Третман на периферна артериска болест (ПТА - перкутана транслуминална ангиопластика и стентирање). ○ Ендоваскуларен третман на аортни аневризми (EVAR). ○ Венски интервенции (третман на ДВТ, поставување на Вена Кава филтри). Час 2: Интервентна неврорадиологија: ○ Ендоваскуларен третман на акутен исхемичен мозочен удар (механичка тромбектомија). ○ Третман на интракранијални аневризми (coiling) и артериовенски малформации (АВМ) (емболизација). ○ Стентирање на каротидни артерии. Час 3: Неваскуларна интервентна радиологија: ○ Третман на болка (ПРТ) ○ Перкутани биопсии водени од УЗ и КТ (белодробни, хепатални, ренални). ○ Перкутани дренажи (абсцеси, билијарни дренажи/ПТЦ, перкутани нефростомии/ПЦН). ○ Интервентна онкологија (аблативни техники - RFA, MWA; трансартериска хемоемболизација - TACE). Знаење и разбирање: - Опишува физички принципи, предности и недостатоци на конвенционалната радиографија, компјутеризираната томографија (КТ), магнетната резонанца (МРИ), ултразвукот (УЗ). - Ги познава принципите на заштита од јонизирачко зрачење за пациентите и медицинскиот персонал (ALARA принцип).

		- Ги набројува видовите, индикациите, контраиндикациите и можните несакани реакции на контрастните средства. - Препознава нормална радиолошка анатомија на градниот кош, абдоменот, мускулно-скелетниот систем и нервниот систем. - Ги опишува типичните радиолошки наоди за најчестите болести (пр. пневмонија, тумори, траума, мозочен удар, фрактури, инфламаторни состојби). - Ги познава принципите на терапевтските радиолошки интервентни процедури како емболизација на мозочни аневризми, стентирање на каротидни артерии, механичка тромбектомија при мозочен удар, перкутана трансмурална ангиоплатика, биопсии, дренажи, емболизации на тумори и крварења и тн. **Способност за примена на знаењето и разбирањето:** - Избира најсоодветна дијагностичка метода за чести клинички сценарија (пр. акутен абдомен, главоболка, траума на граден кош). - Поставува соодветно барање за радиолошки преглед со потребните клинички информации и индикација за интервеција. - Препознава итност и критични наоди на дијагностички слики (пр. пневмоторакс, мозочен удар, интракранијална хеморагија, опструкција на уринарен тракт). - Ги интерпретира основните наоди од рендген снимка на граден кош и нативен абдомен. **Способност за проценка:** - Врши проценка на ризикот наспроти бенефитот при избор на дијагностичка процедура, особено кај процедури со јонизирачко зрачење. - Критички ги вреднува дијагностичките извештаи во контекст на клиничката состојба на пациентот. **Комуникациски вештини:** - Комуницира со пациентите за да им ги објасни придобивките, ризиците и основните технички аспекти на дијагностичките и терапевтските процедури. - Ефективно комуницира со радиолози и друг медицински персонал за консултација и планирање на дијагностичкиот и терапевтскиот процес. **Вештини на учење:** - Самостојно користи стручна литература и дигитални ресурси за продлабочување на знаењата од областа. - Поседува основа за континуирано медицинско образование во полето на медицинското сликање.
13	Заемна поврзаност на	Поврзан со сите предмети од студиската програма.

<table>
<tr><td></td><td>предметите</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">- Секој семинар ќе биде организиран со претходно задавање на темата на студентите, ќе почне со пред-тест, совладување на едукативната содржина, и ќе завршува со финален тест.
- Интерактивни предавања со користење на аудио-визуелни помагала.
- Практични вежби во мали групи со анализа на дијагностички слики на работни станици (PACS).
- Семинарски работи и дискусии базирани на клинички случаи.
- Демонстрација на работа со апарати (УЗ, КТ).
- Самостојно учење и консултации.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">90 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="4">16.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања - теоретска настава. часови</td><td>27</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Семинари</td><td>3</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>15</td></tr>
<tr><td>16.4.</td><td>Пракса: часови</td><td>15</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>30</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="4">Начин на оценување: Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираните проверки, семинари и завршниот испит

<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>15</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>15</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинари</td><td>10</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирани проверки</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>30</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table>
</td></tr>
<tr><td></td><td>19.1.</td><td colspan="2">Континуирана проверка: бодови</td><td>/</td></tr>
<tr><td></td><td>19.2.</td><td colspan="2">Тестови: бодови</td><td>30</td></tr>
<tr><td></td><td>19.3.</td><td colspan="2">Семинари</td><td>10</td></tr>
<tr><td></td><td>19.4.</td><td colspan="2">Завршен испит: бодови</td><td>60</td></tr>
<tr><td rowspan="4">20.</td><td colspan="2" rowspan="4">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 59 бода</td><td>5 (пет) F</td></tr>
<tr><td>од 60 до 68 бода</td><td>6 (шест) E</td></tr>
<tr><td>од 69 до 76 бода</td><td>7 (седум) D</td></tr>
<tr><td>од 77 до 84 бода</td><td>8 (осум) C</td></tr>
</table>

			од 85 до 92 бода	9 (девет) B	
			од 93 до 100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата.		
22.	Литература				
	Задолжителна литература				
	Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
22.1.	1	Повеќе автори	Практикум за вежби по Клиничка радиологија1	УКИМ Медицински факултет Скопје	2023
	2	Повеќе автори	Практикум за вежби по Клиничка радиологија2	УКИМ Медицински факултет Скопје	2025
	4	Herring, W.	Learning Radiology: Recognizing the Basics. 4th Edition.	Elsevier	2019
	5	Mettler, F. A	Essentials of Radiology. 4th Edition.	Elsevier	2018
	6		Интерни скрипти и материјали подготвени од Катедра за радиологија	УКИМ Медицински факултет Скопје	
22.2.	Дополнителна литература				
	Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
	1.	Mettler, F. A.	*Essentials of Radiology*. 4th Edition.	Elsevier	2018
	2.	Веб-страници и онлајн ресурси:	Radiopaedia.or, AuntMinnie.com, и други релевантни образовни портали.		

Ред.број:27

Прилог бр.3		**Предметна програма од интегриран (прв и втор) циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот	**ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА**

	предмет				
2.	Код	ОМ26 322			
3.	Студиска програма	Прв и втор циклус шестгодишни интегрирани академски студии по општа медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра за трансфузиологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета (III)	Семестар	Шести (VI)
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	2			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Раководител на катедрата за трансфузиологија Проф. д-р Татјана Макаровска Бојаџиева-раководител на катедра и одговорен наставник Проф. д-р Емилија Велкова-наставник			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Положени испити по: Биохемија 1 Вовед во имунологија			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето	Да се совладаат основите на лабораториската и клиничката трансфузиона медицина: - Промоција на доброволно и без надомест крводарување - Познавање на различните видови крвни продукти, своства, чување, индикации, дозирање и несакани ефекти. - Интерпретација на резултати од крвногрупна типизација, скрининг и идентификација на антиеритроцитни антитела и од преттрансфузиско тестирање. - Решавање на серолошки дискрепанци. - Избор на компатибилни крвни продукти за алоимунизирани и трансплантирани пациенти. - Пренатална и постнатална имунохематолошка дијагностика кај бремени и новородени, интерпретација на лабораториски резултати и советување во врска со RhD профилакса. - Познавање на критериумите за квалитет на крвните продукти. - Интерпретација на резултати од коагулационите тестови, дијагноза на коагулопатии и соодветна супституција со крвни продукти - - Запознавање со лабораториските тестови за следење на ефектот од антикоагулантната и антиагрегантната терапија, нивна соодветна примена и интерпретација.			
12.	Детална содржина на	**Теоретска настава** **1. Крводарување**			

	предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	- Промоција на доброволно и без надомест ктводарување - Критериуми за крводарување и селекција на крводарители - Видови крводарување – автологно и хомологно дарување на полна крв и аферезно крводарување *Што ќе научи студентот*: основни принципи на крводарување, видови промоција на крводарување, индикации и контраиндикации за различни видови крводарување, индикации за тераписка аферезa 2. **Прибирање на крв** - Преглед на антикоагулантни и адитивни раствори - Системи на ќесиња за прибирање на крв - Идентификација и регистрација на дарител - Прашалник за дарители на крв - Медицински преглед на дарител - Венепункција - Дарување на полна крв - Плазмафереза и тромбоцитофереза - Грижа за крводарителот - Несакани реакции кај дарители на крв *Што ќе научи студентот*: структура на прашалник за крводаритеи, процес на крводарување, препознавање и третман на несакани реакции при крводарување 3**. Крвни продукти** - Преглед на лабилни крвни компоненти - Контрола на квалитет на крвните продукти - Преглед на плазма фракционираните крвни продукти (добивање, својства, индикации) - *Што ќе научи студентот*: изглед, својства, начин на добивање, индикации за клиничка употреба на крвните продукти 4. **Имунохематологија** - Крвногрупни системи (терминологија и генетика) - АВО и Н систем (наследување, фреквенција на антигени, продукција на АВО антигени, подгрупи во АВО системот, ретки фенотипови, антитела од АВО системот, одредување на АВО крвните групи, клиничко значење на АВО системот) - Rh крвногрупен систем (генетика и наследување, Rh антигени, серолошка типизација на Rh антигени, клиничко значење на Rh системот) - Останати значајни крвногрупни системи (I, P, MNS, Kell, Duffy, Kidd, Lewis, Lutheran) - Крвногрупни системи без посебно клиничко значење Што ќе научи студентот: терминологија, генетика, наследување и клиничко значење на крвногрупните системи 5. **Хемолитичка болест на фетус и новородено (HDFN)** - Причини, дијагноза и трансфузиска поддршка на HDFN - Превенција на HDFN како резултат на анти-D - Пренатална и постнатална имунохематолошка дијагностика кај бремени и новородени *Што ќе научи студентот*: протокол за имунохематолошко тестирање кај бремени и за лабораториско следење на алоимунизација кон еритроцитни антигени во бременост, индикации за RhD профилакса во бременост и по породување, дијагноза и третман на хемолитичка болест на новородено 6.**Клиничка трансфузиологија** - Индикации за трансфузија на крв (еритроцити, тромбоцити и плазматски крвни продукти)

